СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-7000/36
15.11.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 20-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 15.11.2022 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 20-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат 18 советници, 1 советник е онлајн присутен, Диме Коцевски и ке биде поврзан преку телекомуникациска врска со истата. Се прозива советникот Диме Коцевски дали е присутен.
Констатирам дека има кворум за работа има Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникотод 19-тата седницанаСовет на Општина Кавадарци одржана на ден 31.10.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот на 19-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам за усвојување на Записникот. Повели Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Сакам да ги напоменам службите што го изготвуват записникот да водат сметка, има доста технички грешки и кога се чита се губе смислата на тоа што сакал да го каже некој од говорницата. Нека си обрнат внимание за другите записници. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Се надевам дека оваа позитивна критика ќе биде исправена во наредниот период. Нема да има проблем. Благодарам.

Записникот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 19-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог-План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година;
2. Предлог-Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;
3. Предлог-Одлука за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

   Точка 4 СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот Ред, понатаму редоследно се менува бројот на точките;
4. Предлог-Одлука за давање на стопанисување и одржување на урбана опрема –автобуски постојки на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за давање на трајно користење движни ствари патнички моторни возила-автобуси, без надомест на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
6. Годишен План за вработување на ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2023 година, донесен од Директорот на ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;;
7. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за покривање на трошоци за комунални услуги за граѓани изложени за социјален ризик;

   Точка 8 СЕ ИЗЗЕМА од Дневниот Ред, понатаму редоследно се менува бројот на точките;
8. Предлог-Одлука за продажба на недвижна стварна КП.бр.12689/2 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање (објект Гурман);
9. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за трговија и услуги “АС МАШИНИ” ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги “ВС-ГД” ДООЕЛ Кавадарци;
11. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за градежништво и трговија “ГРАДБА ПРОМЕТ” ДОО Кавадарци;
12. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за изведување на рударско градежни работи “МАШИНОКОП” ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;
13. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за транспорт, трговија и услуги “АНЕЛ-МАГ 97” ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци;

14. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за транспорт, трговија и услуги “З КОНСТРУКТИОН КОРП” ДООЕЛ Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за примање на донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци
16. Предлог-Одлука за примање на донација од ДПТУ„ЈА-МИ„ ДООЕЛ Кавадарци
17. Предлог-Одлука за примање на донација од Друштво за производство трговија и услуги БОШАВА ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци
18. Предлог-Одлука за примање на донација од Ѕико Коп Кавадарци
19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.92/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;
20. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.97/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;
21. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;
22. Предлог- План и Програма за изменување и дополнување на Локалниот акционен план и Програма на Комисијата за еднакви можности за 2022 година;
23. Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка на Урбанистички план ДУП за УЕ 5 дел одблок 5.4 „Младински„КО Кавадарци град-Општина Кавадарци со тех.бр.25/2020година изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, донесен со одлука бр.08-1789/4 од 15.03.2022 година;
24. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година(Кеков);
25. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година(здружение на слепи лица);
26. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа за учебната 2022/2023 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Извештај за работењето на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01.2002-30.09.2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка за дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Точка 27 односно Извештајот за работењето на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01.2002-30.09.2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци; е внесена во денешниот дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог- Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година(ЈЗУ Општа Болница);

Молам според Деловникот за произнесување за предложената точка за вметнување во денешниот дневен ред.Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Извештај (квартален и кумулативен)за работењето на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, за период од 01.07-30.09.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на денешниот дневен ред.Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред и тоа :

Правилник за плати и надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ, донесен од Управен одбор на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ

Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Одлука за вредноста на Бодот на вработените во ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ, донесена од Директорот ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ .

Кој е за вметнување на оваа точка во денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред со ова точка:

Предлог-Одлука за определување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Управниот Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Според Деловникот молам за произнесување кој е за внесување на оваа точка во денешниот дневен ред . Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за определување на паричен надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорен Одбор за контрола на материјано финансиско работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка во денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред со следната точка. Тоа е:

Предлог-Одлука за отстапување на ЈП..Комуналец„ Кавадарци за управување и одржување на фекална канализација-фекален колектор с.Возарци

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка од денешниот дневен ред .Кој е за.Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред со следната точка :

Предлог-Одлука за примање донација – автобуски постојки од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци и давање на трајно користење на ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

Согласно Деловникот за работа предлагам дополнување денешниот дневен ред со оваа точка .Кој е за. Едногласно усвоена.

Почитувани советници дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот вака изменет дневен ред.Повели Круме Богевски.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Почитувани советници. Значи согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци предлагам точката 8 која што гласи;Предлог-Одлука за продажба на недвижна стварна КП.бр.12689/2 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавањеза објект Гурман да биде симната од дневенот ред. Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Образложение советниче. Која е причината за да биде тргната.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Во однос на образложението заради тоа што идеолошки се коси со ставот на мојата партија и заради тоа што сметам дека не е подготвена и не сме во ситуација каде што треба јавните добра да се продаваат. Ви благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани предлогот го ставам на гласање. Кој е за оваа точка да се одземе од денешниот дневен ред. 8. Кој е против. 10. Ај ве молам повикај го Коцевски. 11. Со тоа точката е останата на вака предложениот дневен ред.
Ве молам дали имате некои други измени или предлози за денешниот дневен ред. Во ред нема. Со тоа го заклучуваме дневниот ред и целиот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Ај ве молам вака прво за кои се. 10. Кој е против. 8.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Процедурално.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Согласно член 77 барам т.е. предлагам претходно прашање да се врати предлогот на доработка на комисиите кои што го изработиле во однос на точката 8:
Предлог-Одлука за продажба на недвижна стварна КП.бр.12689/2 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање за објектот Гурман за да се допрецизира цената со втора децимала.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Тоа не е процедурално. Ама во ред ама ние ја ставивме точката, веќе ја изгласавме. Јас кога ви реков за дали образложението, образложението беше од идеолошка причина, не беш од причина .Дневниот ред е изгласанза тоа на комисијата. Да значи усвоена е од Комисијата. Да ама од која

причина.Кога имавше комисија е поминато.И на Комисијата помина, помина на дневниот ред, го изгласавме дневниот ред. Ама нема логика во тоа Ристе. Тоа не е процедурално. За како да го вратиме. Тука имаш до 6-та децимала, не до втора. Ама зошто ти е децимала, имаш изработено, овластен проценител и цената ти е формирана, имаш запирка и две 0 после запирката.

Во ред почитувани предлагам поминување на првата точка на денешниот дневен ред.

1. Предлог-План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци денес пред нас е развојната План за програми за развој од општествените дејности кој што опфаќа дел од културни институции, детска заштита и образование. Овака како што е срочен планот се опфатени доста голем број на работи кои што треба да ги работи во наредниот период и Општината и овие институции, меѓутоа мојата забелешка во однос на овој план е што нема извесност за негова реализација и ќе елаборирам зошто. На пример во однос на Домот на културата сите овие работи кои што се наведени овде ги имавме и минатата година во однос на Програмата што ја гласавме за Домот на културата , па гледам дека ниту едно од тие работи не е реализирано во тек на оваа година. На пример набавка на опрема за парно греење, го зборувавме минатата година кога ја гласавме програмата за Дом на култура, гледам дека овде не е вметнат делот со кино кој што беше изборно ветување на Градоначалникот и на политичката партија која што го кандидираше. Втора работа. Зошто не се реализираа овие проекти. Заради истата работа која што беше наведена како можен ризик за нивна нерализација, а тоа е необезбедување на финансиски средства кои што исто така е наведено е и стои на секоја ставка во овој развоен план. Исто така ако ги гледаме сите други институции и во дел незнам Библиотека “ Феткин” повторно ризик и претпоставки, необезбедување за финансиски средства. Во делот на основно образование пр. училиште “Гоце Делчев”, реконструкција на санитарни јазли, пристапни патеки, ризик необезбедување на финансиски средства, училиште “Габерот” Ваташа исто наведени санација на санитарни јазли, промена на врати, претпоставка и ризик необезбедување на финансиски средства, “Тошо Велков Пепето” реконструкција на кров, забна реконструкција на забна амбуланта, ризик необезбедување на финансиски средства, во средно образование имате доста работи наведено на пр. во делот на Гимназија “Добри Даскалов”, реконструкција на Спортска сала, електрични инсталации, изградба на просторија за храна, подрумски простории, исто така ризик необезбедување на финансиски средства, “Ѓорче Петров” реконструкција на кров, подови и зидни површини, реконструкција на

спортски терени и да не ги редам сите ризик за реализација необезбедување на финансиски средства, "Киро Спанџов Брко", исто така реконструкција на спортска сала, соблекувални, доградба на 3 училници, ризикот за нереализирање, необезбедување на финансиски средства. Значи врз основа на ова немаме извесност дека овие проекти кои што се наведени овде ќе се реализираат. И друга работа во Изборната програма имавте ветувања за изградба на спортски сали во руралните средини, значи изградба на повеќенаменски спортски сали во 4 рурални средини, значително ќе го подобри квалитетот и животот на учениците и останатите жители и тука се наоѓа едно Дреново, Сопот, Марена и Возарци. Сметам дека веќе ако сме ги ставиле во Изборната програма треба да бидат вметнати барем во однос на овој план. Да сумирам. Јас не ги видов. Во овоа го нема. Добро. Во овоа го нема. За школите де. Добро. Ок. Значи сумарно секаде е ставен ризик необезбедување на финансиски средства во однос на тоа дали ќе се реализираат или нема да се реализираат овие проекти. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Советниче. Повели Филип.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател, Градоначалник, почитувани колеги советници, медиуми, сограѓани. Значи на денешната седница како прва точка ја имаме развојната програма на општинските институции на Општина Кавадарци. Го ислушав колегата и развојната програма на Општина Кавадарци е како што можам да заклучам дека колегата добро не ја погледнал поради тоа што во развојната програма на Општина Кавадарци се вметнати стратешки капитални инвестиции како Дом на култура во Дреново инвестиција од 34 000 000 денара и тоа од буџет на Општина Кавадарци, реконструкција на градски базен 47 500 000 денара буџетот на Општина Кавадарци, продолжување на кеј Видео Смилевски до Северен Булевар инвестиција од 35 000 000 денара, исто така од буџет на Општина Кавадарци, бејби ZOO или спортско-рекреативен центар со зоолошка градина, тоа е инвестиција од 123 000 000 денари, спортски сали колега во Сопот, Марена и Возарци, инвестиција од 75 000 000. Јас не знам, значи тоа си е по Програмата за развој на Општина Кавадарци. Во делот исто така во тоа што говоревте во делот на другите институции односно образовните институции и во делот на културата институциите значи планот и програмата на овие институции се реални и се токму за развој на овие институции. Ги прочитавте сите институции и образовни и културни институции од Општина Кавадарци, но зошто еве тука не гледам претставници на институциите, од образовните институции, од ОУ "ТХТ" и "Страшо Пинџур". Точно, токму таму се директори од СДСМ нема Програма за план и развој на овие општински училишта. Само во овие две општински училишта нема план за развој програма. Јас еве сакам да, значи надлежните органи од овие општински училишта да дојдат и ни образложат зошто овие општински училишта немаат План

за развој и програма за 23-та година. Значи затоа прочитате дека ризикот е нема средства, а институциите каде што има ваши раководители немаат план за развој и програма. Епа очигледно ја немате видено добро програмата, не ви е. Па не знам. Ама сите други институции кои што се во надлежност на Општина Кавадарци имат поднесено План за развој и програма за 2023-та година. Само овие две општински училишта немат. Да ги повикаме надлежните и нека кажат, а после да дискутираме, после да дискутираме во делот на развојните програми на Општина Кавадарци. Благодарам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани присутни, почитувани медиуми. Значи процедурално до колегата, значи сигурно има некоја причина зошто директорката на Тоде Хаџи Тефов не поднела Програма за развој на програма за 2023 година. Мислам дека добро е во интерес за да бидеме точно информирани да ја повикаме и да ја прашаме и да ни даде образложение зошто нема. Да не шпекулираме дека нема план или можеби се што било планирано е направено во 22-ра и за 2023-та не планира такви инвестиции.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи сите директори пред почетокот на седницата сите беа контактирани и јасне планирам да ја прекинувам седницата, да повикувам некој од дома Значи сите си знаеја дека треба да дојдат и коректно е да бидат присутни тука. Повели.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Колешке значи токму јас тоа го реков. Да ги повикаме надлежните да дојдат и да ни образложат зошто немат поднесено План за програма и развој за 23-та година.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Може ли за збор само. Почитувани колеги мислам дека пред неколку седници се договоривме кога имаме било какви прашања од делот на културата, образованието сите директори треба да бидат присутни. Ниту вчера на комисијата не беа присутни од "Страшо Пинџур" беше заменик директорот присутна, а од ОУ" ТХТ" независно од тоа дали имат или немат развојни програми кога имаме седница на Совет, кога имаме комисии кои што се разгледуваат прашања од делот на нивната дејност, потребно е да бидат присутни. Ние не можиме сега на седница да ја молиме директорката да дојде и да образложе зошто не поднесила. Директорката била должна уште на вчерашната комисија да биде присутна. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Градоначалник.
Право и законско му е да присуствуваат на седницата. Од нашите општински служби кога минатиот пат беше посочено дека треба да бидат присутни, сите досега се контактирани.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претсседател на Совет, почитувани советници, почитувани присутни, почитувани сограѓани. Денеска како прва точка е Предлог Програма за развој на Општина Кавадарци за 23-та година. Еве по дискусијата која што се отвори јас сакам прво да затворам неколку точки. Без разлика дали директорот е од СДСМ или од ВМРО има обврска да поднесе Развојна програма, па макар и тоа

да биде и било каква развојна програма. Нема ниту едно школо кое што нема понатамошен развој во самото школо. Мислам банално е да кажиме дека немаме потреба од развој. Јас лично нема да дозволам тука да нема "Тоде Хаџи Тефов" или "Страшо Пинџур" или било кое друго школо развојна програма, а после 6 месеци да испадне пак советникот и да каже еве Градоначалникот го опструира школото не му дава пари за ништо, па тоалетите не се како што треба. Така да како Општина ќе си направиме план како да ги надминиме тие работи, а најмалку да дозволам да политички препукувања дозволиме да нашите школи се едни од други се разликуваат и на крај биде на штета на нашите деца или биде на штета на родителите. Тоа бидете сигурни дека нема да успее ни од една страна. Во делот на Развојната Програма која што ја спомна советникот Мелов во делот на образованието, јас не знам дали он некогаш спремал програма и правел дали во приватна фирма, дали е во јавна институција или во Општина или било каде и секаде се става во Развојната програма, има работа исто како кога праќаш едно писмо. Се знае кој треба да биде испраќач, тема на писмото, кај се потпишува итн. така да развојната програма, има прво развојни програми цел и развој на програмата, планирани активности, очекувани резултати од таа развојна програма, ризик и претпоставки. Да не заборавиме ризик и претпоставки. Е што да напишиме во ризик и претпоставки. Нормално ќе напишиме необезбедување на финансиски средства. Само тоа ни е ризик, друго немаме ризик, не можеме да напишиме друго. Датумот на започнување на имплементација си пишува. Си пишува дата на завршување. Вредност си пишува. Начин на финансирање основен општински буџет, донација од домашни и странски донатори и сопствени средства од самофинансирачка сметка. Значи опциите си стојат сите. Затоа понатаки има програми. Ние носиме развојна програма, Вардарско-плански регион има друга програма развојна, Биро за регионален развој има трета програма, МОН има има четвртта за образование, па нашата развојна програма може ќе се вклопе во некоја друга програма и ќе биде финансирана од таму. Така да затоа тука не е точно дефинирано финансирањето од дека ќе потикне. Ставени се сите опции. Вредноста на финансирањето е ставена, а ризикот нормално дека постои. Она што го спомена дека во Домот на културата не било изградено парно, 3D киното ти го кажав и претходниот Совет. Значи ниту една реконструкција надвор од неопходните и најнеосновните работи беа препорака на Влада да не се инвестира и пак ќе ти повторам, ниту ја реконструиравме општинската зграда, ниту го реконструиравме парно греењето во Дом на културата, ниту го изградивме 3D киното, затоа што беа во проекти кои спаѓат дека не се најопходни и да не се трошат парични средства за тие такви проекти, а не е финансиската конструкција главна тема тука. Најбитно е тоа што Општина Кавадарци во делот на развојот на програмата, она што го зборувавте после мојот отчет кој што го имав

сите прашања ти се одговорени и ти кажав дека на 15-ти ќе си ги имаш одговорено прашањата во самата развојна програма. Изградба на Дом на култура со спортска сала во село Дреново. Значи ти пишува точно отпочнување, планска програма за 3 години, вредност на инвестиција од 34 000 000 денари. Начин на финансирање основен буџет на Општина Кавадарци. Реконструкција на Градски базен, развојна програма вкупна инвестиција од 47 000 000 денара, отпочнување 23 година, завршување 25 – та комплетно сукцесивно ќе се работе. Реконструкција на регулација на речно корито од Видео Смилевски до Северен Булевар, комплетно исфинансирано, ако биде од Општина Кавадарци е 36 000 000 денари. Отпочнување на целата инвестиција е 23-та година 10-ти месец, финансирано од Општина Кавадарци. Развојна програма Спортско рекреативен центар односно зоолошка градина со стрелачки клуб 123 000 000 денара, основен буџет или делумно кредит. Развојна програма Типски спортски сали. Споменавме во Дреново, ја кажав веќе. Тука станува збор уште за Сопот, Марена и Возарци. Вкупната инвестиција на трите сали е 75 000 000 денара, обезбедено од основен буџет на Општина Кавадарци, со отпочнување 01.06.2023 година по сите документации. Ова другото кое што и вие го споменавте во музејот, во училиштата и во сите други се ставени како развојни програми и кај нас развојните програми се голем дел остварливи досега, а и така ќе биде и понатаки, а и во текот на годината имаме ребаланси, имаме дополнување на програмите, па си имаат потреби и школите , на школите, а верувам дека и Страшо Пинџур како школо можеби за 23-та и стварно нема што да се инвестира, затоа што во 22-ра година нема нешто во тоа школо и подрачните школи што не се направи. Спортска сала 5 000 000 од Општината, комплетно уредување на дворот со летниковец , со се, самото училиште внатрешно, надворешно комплетно уредување, подрачното училиште во Дреново комплетно уредување и во Марена комплетно се уреди училиштето и од греење и надворешно и внатрешно комплетно,али сепак развојната програма не се само за тоа, може да се стават во делот на доопремување со опрема на училиштето и ред други работи така да даваме приоритет на оние училишта кои што се позасегнати. Еве во моментот Тоде Хаџи Тефов извините Пепето како училиште е најзасегнато во делот на кровната конструкција, која што не е ефтина работа и разговараме со МОН пошто е во една ужасна ситуација и при пообилни дождови знаеме да имаме проблеми во самото училиште. Развојната програма е таа која што во целост ја исцрпува мојата предизборна програма, комплетно во целост ја исцрпува заедно со другите завршени работи кои што ги имаме до 23-та година и со формирањето на ЈП за превоз и со формирањето на ЈП за шинтерска служба и одгледување и лекување и негување на кучиња скитници. Така да тука веќе немаме дилема во тој дел. Во делот на градинките кои што многу често ги спомнуваме, јас од сабајлево ги заадолжив службите да извадат еден податок, кој

што е многу интересен како податок и сакам да го имате, да го знаете и да не ги ставаме луѓето во заблуда, него да ја имат правата слика. Општина Кавадарци 2017 година во Детската градинка “Рада Поцева” и нејзиниот објект располагаше со капацитет од 700 дечиња. Денес 22-ра капацитетот во градинката изнесува вкупно 1300, значи 500, односно 600 дечиња имаме плус во истиот капацитет зголемен за неполни 5 години. За згрижување на возрасната, на листата на 2017 година чекаа повеќе од 400-500 деца кои што бараа начин, бараа привилегија да бидат упишани. Денеска нема ниту едно дете кое што чека на листа за упис. Сите се упишани. Е сега морам тоа да го завршам само со една појасна слика. 2017 година во Рада Поцева се проширија 4 нови објекти и две доградби со 7 занимални. Инвестицијата беше комплетна на Општина Кавадарци. Тоа е во “Снежана” детската градинка и тоа е во “Пепето” новиот дел што се изгради. 38 397 302 денари, комплетна инвестиција на Општина Кавадарци. Објект “ Буба Мара” во Здраствениот Дом комплет инвестиција на Општина Кавадарци 8 000 000 за капацитет од 90 деца. Објект “ Сонце” е објектот кој што го градеше МТСП заедно со Општина Кавадарци. Нашата инвестиција во објектот “ Сонце” е 1 620 000 денари во потпорен зид и 3 931 000 денари е во експропријација на земјиште или вкупно 5 000551 денари. Значи тоа е што сакам да го кажам дека не е точно дека Општина Кавадарци нема инвестирано во градинките. Ако ја собериме целата сума Општина Кавадарци што ја има инвестирано во градинките за овие изминати 4 години е еднаква на сумата која што ја даде и Министерството. Така да некаде 50:50 сме некаде ако ги сумираме сите и занимални и објекти и сите други работи пошто и во Возарци и во Марена беше комплетна инвестиција на Општина Кавадарци како објекти, меѓутоа нас не ни беше срам на тие објекти да ја пканиме министерката да дојде и заедно да ги отвориме и ни е задоволство што денеска немаме ни едно дете кое што не е упишано во детска градинка. По истиот пример ќе продолжиме Марена, извинете Сопот и Дреново ќе добијат детски градинки. Од она што го исцрпивме од урбаните заедници, еве да се заблагодарам на сите советници кои што одвоија време да дојдат со сограѓаните да се видат. За жал еве од опозицијата немаа време веројатно да дојдат да се видете со сограѓаните . Еве како опозиција Јован Златевски беше присутен скоро речиси на секоја средба со урбани, месни заедници, па да ги видете реално потребите на граѓаните и да ги сослушате, али можете да ги прегледате и на фејсбук. Тоа се реални слики, не се монтирани, ниту дефокусирани, него реалните потреби на граѓаните. Ние сме веќе стигнати во фаза кај што одиме по урбани заедници и граѓаните имаат што помалку барања во делот на индивидуалните маалски потреби, затоа што многу голем дел од планираните работи се изградија, кои што беа долго време заглавени, повеќе од 30,40, 50 години. Така да Општина Кавадарци со оваа развојна

програма која што е денеска тука пред вас, со овие капитални инвестиции кои што се многу значителни. Мислам дека е гордост пред се да ја имаме тука, а кога ќе го донесиме буџетот и кога ќе ви го дадиме предлог буџетот за гласање кој што произлегува токму од урбаните и од селските заедници ќе има доста работи кои што треба да ги удоволат самите граѓани, а нормално Општина Кавадарци нема ни во еден момент да биде пасивна, ниту пак да се пасивизира во делот на барањето од централната власт, од агенции, од бироа, од било што она што ни следува како општина за да го подигниме нивото и културата, меѓутоа и стандардот на живеење во Општина Кавадарци. Не сме ние воопшто за занемарување. Мислам дека како Општина многу придонесуваме во БДП, Како општина во делот на економијата сме втора во државата и во делот на невработеноста сме меѓу првите општини и мислам дека државата тоа ќе го има во предвид заедно со нашите пратеници да избоксуваат за оние заостанати проекти, а тие заостанати проекти се неколку што сакам да ги споменам Домот за деца со посебни потреби, кој што еве можам да кажам отворено дека и пратениците од ВМРО и од СДСМ кои што не застапуваат во Парламентот интензивно работат на добивањето на градежната дозвола, каде што имаше правни, формални процедури, не пречки да ги завршиме. Затворениот базен еве пак сакам да поставам прашање. Не знам ни каде да го поставам веќе. Не знам зошто толку долго се одолговлечи и застана таа работа со тој затворен базен, кога има и градежна дозвола и земјиште обезбедено и локација и се комплетно. И Старечкиот Дом кој што ќе биде предизвик за Општина Кавадарци и локациски е веќе определен, над споменикот “Киро Крстев” да го изградиме, а токму ова денеска како точка 8 што го ставаме да се ослободиме од непродуктивни и нефункционални објекти. Баш сакам еве и на Круме од Левица да укажам на тоа дека да, принципите на партијата се тие кои што се и јас сум за да се чува, не од татковина, туку и од дедовнина се што треба, меѓутоа кога ќе ја направиме проценката и кога ќе видиме дека тоа не ни носе никаков приход во наредните 40 години економски, а нема значителност во делот на ниту знаменитости, ниту култура, ниту ништо него пазарот се изгради. Тие објекти нас веќе не ни требаат од 65 квадрати или колку се таму, 3 објекти. Иститe пари кои што ќе ги земиме од било која продажба од капитален објект наменски ќе бидат насочени за изградба на Старечкиот дом. Значи ние од денеска почнуваме да прибираме пари за изградба на Старечкиот дом кој што ќе кошта некаде околу 2 000 000 денара и очекувам заедно со МТСП, 2 000 000 евра и очекувам заедно со МТСП го ставиме во програма за 23 и 24-та да го изградиме, пошто тоа е најреалната потреба за нашите граѓани. Да така е. Ако си ги сакаме граѓаните, треба да им овозможиме и услови. Ние можеме да имаме и незнам што, ама ако на граѓаните не им овозможиме услови реални во 21-ви, 22-ри век да бидат сместени во еден дом за згрижување на

стари лица или изнемоштени и одат по приватни објекти, плаќаат по 35 000 денара, автоматски ги оштетуваме нашите граѓани кои што немаат друг избор, него мора да се снајдат на било каков начин. Така да Старечкиот Дом ни е предизвик и ќе собериме средства, ќе аплицираме заедно со министерството, веќе имаме насоки, дадени се проектни задачи и програми како да се изработе, 80 легла е дефиниран да биде. Е сега категорија на легла за инвалидизирани лица, за лица со потешка телесна состојба и било како, значи тоасето го правиме, го работиме и мислам дека до февруари ќе ни биде и проектот готов, да почниме после со апликација и барање на финансиски средства. Нема да ја отпочниме зоолошката градина, ако е во развојна програма ставена, додека не обезбедиме средства и за Старечкиот дом. За мене приоритет е прво Старечкиот дом, па Зоолошката градина.Верувам дека ќе се согласите во тоа. Благодарам.

ПРЕСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Повели советниче.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Краток само ќе бидам, само да го консултираме Градоначалникот или да ве замолиме дали можеме да планираме. Од старечките домови подршка сме имале, секогаш ја имаме. Имаме еден готов старечки дом изграден во село Чемерско. Дали можеме да размислуваме да од сумата на пари излезат два старечки домови . Тој горе мислам дека се продава и уште еден во градот. Дали е таа комбинација Градоначалник подобра, пошто таму услови, висина, тија е по сите нишани изграден и одобрен од Министерството и не мислам дека е поскап од 500 000 евра .Ако се 2 000 000 евра, би биле два Дома, едниот горе, едниот тука. Дали може таа комбинација да се уклопе. Ако не може нека оде оваа едната.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас неколку пати имам разговарано со сопственикот на т.н. Старечки дом, уште го немаме видено дека функционира како стречки дом. Знам дека добил лиценца за работа и по укажување дека не е во финансиска кондиција да почне да го работе, еве јас сум на располагање, усогласите се сите заедно, нека се процене од овластен проценител.Овластен проценител. Не можеме ние да нагодуваме цени. Доколку добиеме разумна, реална цена и има дозвола од МТСП и готов објект кој што, малку е дискутабилно затоа што заради одалеченоста од самиот град, али има полесни пациенти што може да ги сместуваме таму и доколку влезе во мапата на МТСП јас утре сум согласен да ете го купиме тој Старечки дом, со лиценца на старечки дом. Значи да не купиме објект, него тоа е веќе јавен, ние може само да купиме јавен интерес. Јавен интерес е старечкиот дом. Потврда од МТСП дека влегува во мапата, дека ќе биде коофинансиран со оглед на самото функционирање на згрижување на самите луѓе кои што таму ќе користат услуги. Во тој случај го прифаќам како таков и ќе најдиме финансиски средства да го обезбедиме. Значи идејата како идеја ја прифаќам, али да се заокружи целосно заедно. А и ова да не

испадне паушално. Па како прво јас не знам дали воопшто се продава или не се продава. Да не испадне да зборуваме за некој кој што не ни дал ништо официјално. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика Мелов. Повели.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа во однос на тоа кој е повикан, кој не. Од директорката добив информација дека не е поканета. Ваљда селективно ги каните да доаѓаат на седница. Образложението е дека нема точка. Треба да си проверите во делот на канење на тоа кој е присутен, кој не. Втора работа Градоначалник пак пробувате со лични дисквалификации. Минатата седница ме нарекувавте млад. Овој пат немаш работено план, немаш работено овоа. Да. Не, не тоа е реторичко прашање со инсинуација. Да, да. Инсинуација. Тоа е инсинуација класична. Али ок. Нека ви служи на чест. Јас на такво ниво нема да се спуштам. Трет момент клучната работа во однос на овие програми, овие програми ние ќе ги гласаме да нема дилема тука. Ќе ги гласаме. Меѓутоа јас сум скептик во делот на реализацијата на истите, токму заради овие причини и го имавме пр. со Домот на културата. Ист ризик е наведен во сите развојни програми. Само сум скептик, ама ќе ја гласаме развојната програма. Работете и реализирајте ја развојната програма. Се надевам дека ќе ја реализирате, али ние ќе следиме што од ова сте реализирале Градоначалник.Само да не ме прекинувате. Може. Значи кога се планира нешто, сигурно однапред се планират и средства и извори на финансирање од кои што истиот проект ќе се реализира. Тука не пише ништо. Тука пише само можно да не се реализира, ако не обезбедиме финансиски средства. Така пишува. Добро. И последна работа во однос на присуство со граѓани на терен, Градоначалник јас со вас заедно да се шетам, по терен, низ граѓани, не морам, ниту ни сакам, а дека комуницираме секојдневно како советници и како советничка група на СДСМ, секојдневно со граѓани, тоа го правиме. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи пак не се разбравме. Изгледа тешко ни оде разбирачката. Пише јасно и гласно начин на финансирање, доле бе советниче. Еве го. Те молам отвори го доле. Основен општински буџет, запирка има, донации од домашни и странски донатор и сопствени средства од самофинансирачка сметка. Се мисли на самото училиште . Боже мој пише ризик. Дали има друг начин да се донесе развојна програма, освен на ваков начин. Јас не гледам друг начин. Значи тоа е тоа. А во делот тоа да се шеташ со мене немаш потреба. Кај ќе шетаме јас и ти. Него не се шетавме ние. Ние имавме однапред закажан термин. Утре во 16 часот. Работен состанок и средба со граѓаните на УЗ "Слога" пред тобако тоа и тоа . Значи не дека одемвме така по улички да се шетаме и да даваме локумче ли ,такви работи. Не таму бевме да се видиме со граѓаните, да ги видиме проблемите. Воопшто не беше шетање. А вие ако се гледате на друг начин со граѓаните. Тоа е друго. Воа беше јавен, транспарентен, објективен начин за секој еден кој што

може да дојде. Многу ми е мило, па многу ваши членови дојдија кои што се заблагодарија за работењето. И тоа значи тие се објективни луѓе, кои што сакат да го пофалат работењето на самата Општина. Така да начинот на финансирање го пише и има повеќе можности. Благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи бев присутен на сите средби, еве сите советници од ВМРО ДПМНЕ, советникот Јован Златевски како независен и Зоки да, беше на Кула. Можам да забележам еден позитивен исчекор на кавадаречкото општество дека таму никој не спомна СДСМ и ВМРО. Значи тоа ми остана еден убав впечаток дека граѓаните буквално се повеќе заинтересирани за нивната околина, нивната животна средина, начин на подобро функционирање, идеи, а немаше делба на партии. Буквално партиски збор и партија нне се спомна. Така да еден куриозитет дека општеството ни се движе во права линија. Ви благодарам. Филип Тасев. Повели.
СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Едно кратко прашање само до колегата, пошто кажа дека имал комуникација со директорката зошто не е присутна. Тоа службите на Општината. Како и да е , без разлика. Веќе кога си во комуникација и ја праша зошто не е присутна. Сакам да те прашам дали ја праша зошто нема поднесено развојна програма. Ама кажа дека си во комуникација, дека не била поканета. Прашајте ја зошто нема развојна програма.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Зошто не сте ја повикале да ви одговоре. Добро. Повикајте си ја.
ГРАДОНАЧАЛНИК:...Каков е тој менаџер ако не поднесе јавна програма.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи убаво кажа Градоначалникот во неговото излагање. Се слагам со него апсолутно, заради тоа што еве го извештајот до Локалната Самоуправа од директорката. Значи ве известувам дека нема потреба од План за развој и програма за 2023 година и затоа не доставува податоци за развојни програми. Од "ТХТ" . Значи можеби ова што е напишано, ако сметате дека се што е направено е легитимно и легално, меѓутоа тоа не е коректно према системот. Ти да напишиш дека на школото не му е потребно никаков план и програма за развој, а менаџерот има за цел да го движе напред тоа мислам дека. Не што ќе ја викаме.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас не знаев дека има поднесено вакво. Значи јас како Градоначалник, легитимен, избран од граѓаните, ваков менаџер јас не би прифанал. Со празно ливче. Менаџер со празно ливче дека нема потреба за развој во училиштето. И затоа не и потпишав нејзе мандат, него и потпиша министерот. Да. И затоа донесите сега празно ливче. Е сега пак ќе ти повторам наново. Нема да дозволам учениците и родителите да страдат во тоа школо. Ќе најдиме начин. Ќе се проработе и она. Воа ќе си го повлече и ќе си направе развојна програма. Ти гарантирам. Не може школото да го хендикипираме, да напишиме дека немаме потреба за 23-та за ништо. Да ти кажам 5 основни работи, кои

што фалат на тоа школо. Прво немаат тоалети за инвалидизирани лица и деца, нема рампа пристапна, од јужната страна фасадата не е завршена. Тоа сме го дискутирале ние. Не дека нема потреба во тоа школо. Таман работа. Значи ова не е во ред. Јас не знаев дека има вакво нешто поднесено, али според мене комплетно неодговорно и не е во ред и одлично е овоа да знаат како менаџират некои луѓе. Тогаш зошто се кандидира за директор ако нема потреба од развојна програма. Што ќе работе онатаму. Часеви ли ќе деле. Треба да менаџира . Менаџирањето е токму во овоа. Директорктa заедно со нас има направено ограда, има направено библиотека, имаме направено два кабинета, имаме дадено завеси, асфалтирање, направивме повеќе наменско игралиште, со тартан на самото училиште. Значи е тоа е направено. Јасти кажав што е направено. Тоа е направено.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Од една страна викаш Градоначалник, директорот бил оваков, онаков, од друга страна на прашањето што е направено кажуваш 10 работи кои што се реализирани и направени таму. И првиот пат ти си потпишал за нејзе. Сега проблемот не е дали она е добар менаџер или не е. Туку проблемот е политичката припадност. И јас знам зошто е овој атак. И сега треба да ги вадиме претставките кои што ги поднесувате, се со цел да вршите притисок да се откаже, за да си ставите ваш директор. Тоа беше идејата. Се борите. На таков начин се борите. Така ли беше Митко Јанчев за сите. Не за мене. Па гледам. Па нели за сите. За сите не е за сите. Е тоа е болката. И сега требаше да ги земам претставките, кај што имате наведувано милион лаги, дека вршела притисок, дека не знам што правела во Основното Училиште. Што нема врска. И на крајот заради тоа што имала спротивна политичка припадност на вашата, не сакате да и потпишите решение, кое што по закон треба да го направите.
СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Не станува збор за тоа .Стана збор затоа што нема развојна програма. Е тоа.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Вака сега, јас не се демантирам сам. Значи сега ти немој да збориш за претходните 4 години кога тука некој друг седеше. Имавме атмосфера одлична, соработка прекрасна. Од кога дојде ти ги расипа работите. Ти од кога дојде ги расипа. Воа е твоето дело. Еве сега на министерот му го пуштив воа. Му викам еве го твојот директор. Не е во ред вика вака. Него он вика не е во ред. Он и потпиша мандат. Јас предлагам ако имаме правен основ за понатамошен развој на школото и за нефункционирање на директорката може да се гласа и доверба на Совет или на Училишен Одбор, па Совет. Така да ова не е во ред. Да. Пак барам пас. Или да си дојде кај што се сите и да работе во интерес на образованието, а да не работе во интерес како сме се договориле јас и некој друг. Не. Без развојна програма, менаџер мислам дека не постое. Јас не прифаќам менаџер без развојна програма и мислам дека нема никој да гласа за тоа.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, почитуван Градоначалник, почитувани колеги. Прерано отидовме во грешен правец. Јас и на почеток на мандатот предупредував, малку на шала, дека не е добро. Оти сите ние сме 4 години заедно, заедно треба да работиме за доброто на сите граѓани. Прво мислам дека престап направи Градоначалникот. Знам дека нема да ми се луте. Не сум злонамерен према никој. Требаше да е добар менаџер. Не добар, него е одличен. Дека човечките ресурски ги владее, ги владее него зема еден правец. Градоначалникот треба да балансира и едни и други и трети. И сега ние се споивме и затоа колеги, викат Социјалистичка партија, Фашистичка, секаква и вака и така и излезе така. Сега вака. Време е да легне топката и да се договориме заеднички. И директорката направила грешка. Намерна или не намерна. Не верувам дека Страшо Пинџур нема поднесено. И ако нема поднесено. Или пак ова ТХТ има време да поднеси. Да ги предупредиме, да ги повикаме и да тргне работата во позитивен правец. Рано е за кампања. Ние треба да работиме за доброто на граѓаните. Граѓаните ова го гледаат. Не е добро за никој. Градоначалник треба да воспоставиш релации со министерствата, треба да направиш релација и со опозицијата. Вие не почитувате. Минатата седница рековме дека, анализиравме Гроздобер и тоа нема колеги еднаш да седниме на кафе, него се групираме и се оговараме. Не бива. Биваше претходно кога, не е вредноста моја голема, него јас успевав да губам време по цел месец советник по советник да ги преработувам, да ги убедувам. Му се понудив на почитуваниот Претседателот, ценет доктор, професија добра, презафатен со работа, да одели малку време за мојата советничка група, во една година ме нема викнато на ниедна кординација или на ништо. Претседателе не е добро. Ние само помагаме. Немаме ние интерес. Парламентарни избори се за вас, не се за мене. Јас на парламентарните избори ќе работам пред 6 месеци да бидат, не уште сега да си вадиме очи. Пречунајте се прво вие сами дека потезите што ги правите не се добри и да се споиме, да работиме за интерес на градот. Уште сега кампања ќе донесе непосакувани работи. Јас минатиот пат зборев за патот за Радња, ради тоа што имав притисок и сум изненаден пријатно што Градоначалникот ми рече понеделник и баш понеделник почна. Тоа е за пофалување. Не знам како, што, али викаат луѓето Ристо се молевме 4 години, сега горе се работи интензивно. Се надевам дека ќе се заврши тоа што. На сите села им треба по малку. Не бараат којзнае што луѓето. Луѓето бараат единство. И сега што спомна на собири идат и такви и вакви. Да на собир идат и такви и вакви, граѓаните добро работат, ама ние кога се групираме, ние не идиме и вакви и такви. Ние се групираме и се оговараме. Да прекиниме и да одиме напред. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Советниче. На кратко само. Значи во однос на комуникацијата јас како Претседтел на Совет сум отворен, а во однос на иделошката определба и во однос на

застапување на партискиот интерес и цел тој секогаш треба да биде партиски, меѓутоа во интерес на граѓаните. Вие почитуван советниче никогаш во текот на оваа година откога сум Претседател на Совет од мене немате побарано никаква средба во таков правец, а во наредните 3 години, да точно, ви стојам на располагање ако имате определба и начин на функционирање, меѓутоа да не заборавиме една работа. Тоа мора да биде се во интерес на граѓаните, бидејќи ние одговараме како политичка гарнитура што ни е дадена, начинот на функционирање во наредните 4 години заедно треба да биде со сите ако може програмски да се најдиме во интерес на граѓаните. Во тој правец.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Сфати го како не реплика, него, да ние побаравме и јавно на соработка. Проблемот е тоа кога се решаваат клучните проблеми вие се криете, ние разбираме од улицата, а не е спорно. Јас не гледам во институција, дали во музеј, дали во Сала " Јасмин", луѓето што се дадени не се грешка, се добри и одлични, туку во комуникацијата на Советот и тука меѓу нас не е добра. Тука е проблемот. Значи ние треба да се сетиме, а инаку немам замерка по ниту еден директор. Имаме млади директори, амбициозни, што се назначуваат, што помагаме максимум колку можеме. Нема кочење системот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници благодарам. Значи вака ги задолжувам општинските служби да исконтактират со директорката и на пауза да дојде.

Почитувани советници ја продолжуваме денешната седница. Имавме кратка пауза. Повели директорке на ОУ Тоде Хаџи Тефов. Имаме добиено од ваша страна известување за план и програма за развој. Повелете на говорница.

ДИРЕКТОРКА НА ОУ " ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ ": Јас се извинувам ако нешто тука предизвикав. Би сакала да ви го кажам следново. Значи тоа што е напишано дека нема развојна програма тоа е од книговодителката сосема нешто друго поврзано со Кире Јаковлевски се слушнала и затоа така е напишано. Значи тука е мислам до некое недоразбирање дојдено. Развојна програма не може да нема ниедно училиште. Значи тоа е еден од стратешките документи на училиштето и нашата развојна програма на "Тоде Хаџи Тефов" е донесена на 07.07.2021 година и е со важност до 25-та година. Значи секоја развојна програма се носи за период од 4 години. Тоа го знаат и останатите директори. Е сега внатре во развојната програма може да се прават и одредени дополнувања со Анекси преку Училишниот Одбор. Може нешто да не се реализира, зависно од тоа што сме ставиле и како сме ставиле. Јас би сакала да го запознаам Советот и останатите присутни што е предвидено во развојната програма на ООУ "Тоде Хаџи Тефов". Да. Оти имаме и за 24-та, 25-та и нешто што помина. Да. За 22-ра, 23-та. Во ред. Готово. Значи за 2022-ра, 23-та е предвидено и тоа е комплетно разглобено со активности, индикатори на успех, носители на активности, временска рамка за

имплементација и потребни ресурси, идентификување на нови потреби од функционално мрежно поврзани преносни или лап топ компјутери кои ќе бидат потребни во услови на настава со физичко присуство, друго 2022-ра, 23-та реконструкција и санирање на тоалетите на приземје до библиотеката и адаптација на еден тоалет за ученици со телесни пречки во развојот. Тоа е 23-та. Исто така во 2022, 23-та година имаме реконструкција и санирање на тоалетите на втори, не, пардон, ова е веќе 21,22-ра тоа го направивме. Значи тоа е реализирано претходната година и има за 22-ра, 23-та година да се санираат постоечки 4 училници на 2-ри спрат, на 2 кат. Значи ние сега оваа година направивме 2+2, комплетно се реновирани училниците и сега ова година ги планираме и нив. Покрај одредени други работи кои што се ставени, набавка на наставни столчиња, училишни столчиња, училишни клупи, ама тоа мислам сега нешто и до крајот на 22 има распишано тендер дека ќе биде предвреме. Тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред благодарам директорке.Значи ќе ве замолам ова да биде на писмено доставено до општинските служби, а ние ќе го изгласаме како што е кажано, или лиферувано од ваша страна. Со сума на вредност.

ДИРЕКТОРКА НА ОУ " ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ " : Износот според тоа што беше околу 500 000 денари, 1 200 000 е санација на тоалетите. Различно беа едните училници 300 000, другите 400 и нешто денари во однос на поскапувањето што беше. Значи ќе го направиме овие денови и ќе го доставиме.Тоа е. Значи недоразбирање е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро значи тензијата се смири, после доаѓањето на директорката. Пошто нас невкусно ни падна кога видовме празен лист, дека немате развојна програма за 23-та, што е недопусливо и но-сенс за една институција. Да и сакам само да потенцирам нешто. Еве пошто преѓеска имавме дебата тука со советниците. Во претходниот мандат кој што го имавте 4 години и сега во овој сегашен кој што ви е отпочнат, дали сите развојни програми кои што ги поднесувате до Општината не се координирани до Градоначалник со нашиот буџетски сектор, раководител и се одобрувани од наша страна за вие да ги распишете сите тендери.

ДИРЕКТОРКА НА ОУ "ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ": Како мислите. Да и секогаш развојната програма што мислам јас дека вие носите годишна програма за работа на училиштеето, така да секоја година ги образложуваме пред годишната програма, така да мора да се кординираме затоа што имаме заклучок и позитивно мислење од страна на Советот на Општина Кавадарци за оваа година, за годишната програма. Значи од ваша страна има позитивно мислење.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи до сега не сте имале опструкции, се што сте побарале како менаџер, сме гледале да го ставиме, вметниме и направиме сето тоа пошто е во интерес на учениците. И мојта замолница е да тоа така продолже без разлика кој од која политичка партија доаѓа, да не

биде на терет на учениците, а најмалку на и родителите или на било кој, за било кое училиште.

ДИРЕКТОРКА НА ОУ "ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ": Па да можам да потврдам дека цело време имавме состаноци во вашиот кабинет и кога ги правевме ребалансите на буџетот. Така да дозволени се одредени работи, нема опструкција, нема мислам нема такво нешто.

ГРАДОНАЧАЛНИК: И така да си продолже. Тоа беше цела тема. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници го исцрпивме претресот по првата точка на денешниот дневен ред. Тоа е Предлог План за Програма за развој на Општина Кавадарци за 2023 година.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Со тоа е завршена првата точка на денешниот дневен ред.

Може да ги ослободиме директорите, ако се тука, да си ги терат своите работни обврски и ќе го продолжиме денешниот дневен ред.

Почитувани советници пристапуваме кон втората точка на денешниот дневен ред.

2. Предлог-Одлука за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци;

Ова втора точка на денешниот дневен ред би сакал да го повикам директорот на новото Јавно Претпријатие " Градски Превоз " Кавадарци Александар Ѓорѓиев, да ни ги елаборира линиите и начинот на функционирање со самиот линиски превоз во новото ЈП. Повели директоре.

ДИРЕКТОР НА ЈП " ГРАДСКИ ПРЕВОЗ": Добар ден на сите. Значи работите во ЈП "Градски Превоз" се одвиваат со брз интензитет со цел да започниме со официјална работа во 2023 година. Сега ќе ве запознаам со сите побитни работи во врска со ЈП и како ни е предвидено да функционира целиот градски превоз и приградски превоз во нашата општина. Значи тука имаме цели, опис на да речиме на претпријатието, типови на јавен превоз, економско- финансиска анализа, рентабилност во работењето, превоз на граѓаните организиран од страна на Општина Кавадарци односно ЈП, придобивки, намалување на сообраќајниот метеж, организиран училишен превоз за средно и основно образование, типови на вршење на јавен превоз, јавен градски превоз односно градски линии, јавен приградски превоз или села кои се наоѓаат во склоп на нашата општина и училишен превоз. Предвидена проекција на возила како дел од денешните одлуки кои се поврзани со ЈП е и одлуката за нели давање во сопственост на 4-те возила кои се сега во сопственост на Општина Кавадарци и тоа имаме 4, 2 автобуси и 2 комбиња со патници, едното е 8, другото е 9, од постоечките автобуси едниот има 34 капацитет на седишта, другиот 17. Набавката за нови возила е во завршна фаза, односно поминат е рокот на жалба и ќе се набават 4 автобуси , 3 се поголеми

и едниот е минибус. Ова е слика да видете како изгледат автобусите. Значи ќе почниме со типовите на градски превоз, односно мапа на градски превоз, линија бр.12. Ќе ви ги кажам после и бројките кој какво значење имат. Има постојки да не ги читам сега сите. Значи време на поаѓање на градските линиски превоз ќе бидат од 6 часот сабајле. Последната рута ќе се одвива во 19 часот. Има капацитет со вкупен број на седишта за стоење и седење 71. Број на постојки, кои што ќе бидат опфатени со линија беа .12, сега по ново се 25. Вкупна должина околу 14 км. Вкупно време во еден правец на една линија околу 1 час. Имате таму и рекапитулар кога почнуваат сите, на секој час ќе има превоз. Ова е како мапа нацртано. Е сега може да ја погледниме, не знам дали се гледа точно како се одвиват. Значи првата линија почнува од с. Ваташа и завршува во Сопот. Тип на линија ова е линиски, бидејќи има почеток и крај. Вториот тип на линија има кружен тек каде што таму каде што почнува, таму и завршува линијата. Опфанати се сите клучни точки во градот, вклучувајќи ги средните и основните школи каде што ќе се врши превозот за да се олесне превозот на учениците. Тоа е линија бр.1. Значи ова е втората линија. Таа има бр.12. Исто се 25 постојки. Вкупна должина 11,5 км. Вкупно време на заобиколување, бидејќи е кружно, 55 минути. Ист капацитет на број на седење и стоење. Ова е мапата. Сега да го видиме значи движењето. Започнува од Глишиќ, има кружен тек на движење. Има 4 места каде што се преклопуваат линиите. Ако треба нели да се праве нели трансфер од една до друга локација, каде што едната линија не ги опфаќа постојките што ги има другата линија. Концептот на овие станици е направен и донесен врз основа на Локална Комисија која беше од 5 члена составена од сообраќајни инжинери и други стручни лица. Во зависност од потребите што се потребни за граѓаните.Јавен приградски превоз. Сега можам да ги прочитам тука и значењето, да речиме линија 57. Таа е Кавадарци, Шивец, Возарци, Дреново и од нас сеземени како број на линија и тоа се значајни датуми или нешто што е поврзано со Општина Кавадарци. 57-ма година вика почеток на изградба на Општинската зграда и тоа е во консултација со новинарите од Општина Кавадарци. Линија 68, односно 1968, почеток на изградба на Тиквешкото Езеро. Тоа е Кавадарци, Ресава, Бегниште линија. Линија број 30, 1930 година е основањето на ФК Тиквеш Кавадарци. Тоа е линија Манастирец, Сирково, Росоман, Рибарци, пак Кавадарци. И линија бр.8 односно тоа е на Кожув Планина. Ја има таа бројка осмица бидејќи Кожув Планина има 8 врвови кои се над 2000 м надморска висина, ги има во самата планина. Јавниот приградски превоз, односно линија 57 Кавадрци, Шивец, Возарци, Дреново. Сите типови на приградскиот превоз ќе се одвиваат 3 пати во денот и тоа поаѓање во 5.30, 16.30 и 19 часот. Значи вака ќе почниме да работиме, ама самото работење е врз основа на статистики, ќе покаже дали нешто ќе треба да додадиме, да укиниме. Сега значи сите

работи се земени значи како претпоставки и како статистики, ама не се нели како официјални податоци и затоа мислам дека ова е материја каде што може да претрпе промени. Имаме и тука исто мапа како би се движеле линиите за приградски превоз. Стартот на сите линии од приградски превоз е од Автобуската станица во Каваадарци, застанува на сите пропратни позиции кај што имаме автобуска постојка и се реализира сооообраќајот до местата предвидени во линијата, односно оваа линија Кавадарци, Шивец, Возарци, Дреново и назад. Втората линија, односно тоа е линија Кавадарци, Ресава, Бегниште , вкупно време 50 минути. Ова кажавме дека сите 3 приградски линии ќе се се одвиваат 4 во предвидениот период од 5.30 16.30 и 19 часот. Ова е исто рутата по која би се движел автобусот. Сите тргнувааат од Автобуската станица во Кавадарци и сега во склоп на линијата за да испадне од градот значи се користат постојките кои што пропратно ги имаме како официјални постојки што ќе користиме јавен превоз. И завршува пак, истата линија завршува на Автобуската Станица во Кавадарци. Од тука тргнува во 5.30. Отприлика пола саат треба да биде таму, значи од 6 саатот ќе почне да ги разнесува за назад . Тука може да претрпе мали измени бидејќи треба да се направе синхронизација со училишниот превоз, ама тоа ако има некои измени, ќе го донесиме мислам на наредната седница ќе ги опфаниме тие измени, ако има во временските зони за реализација на превозот. Трета линија оваа линија 30, Кавадарци, Манастирец, Сирково, Росоман, Рибарци и пак Кавадарци. е сега бидејќи ова е друга општина треба да склучиме некој меморандум за соработка. Тоа ќе го направиме во меѓувреме за да може да ги пренесуваме патниците од друга општина, бидејќи Општина Росоман е друга општина.Времето на поаѓање е во истите интервали, вкупна должина, ваа е малку подолга е40 км. Линијата се движи од Манастирец до Сирково, Росоман, застанува во Рибарци и се враќа назад. Е сега во зависност од потребите тука може да се предвиде, да се опфане Трстеник, Паликура и тие такви, меѓутоа сега не се предвидени. Ако треба ќе се направат дополнителни измени, ако се одлуче или ако има број на патници, кај што би било на некој начин минимално исплатливо за автобусот да влегува и во тие села. За школскиот превоз сега нема да зборуваме, треба да се официјализираат податоците да видиме со сите основни и средни училишта да се земат вкупните бројки и за наредна година и од кои локации треба да се врши превозот на деца во училиштата. Има повеќе точки, мене презентацијата ми е направена во едно. Ќе ги образложам сега и другите работи. Значи ова се цени и типови на возења за градски линиски превоз . Овие бројки ќе ги образложам да не ве збунат. Значи имаме цена на чинење на билетот, по која цена анализата колку нас би не чинело и би било финансиски неутрални во делот за да го опслужуваме јавниот превоз по дадена линија. Значи тука дневна цена на чинење на билетот имаме 80 денари. Едно возење е 40 денари и

субвенција од Општината 40 денари. Со воа сакам да кажам дека цена на чинење на билетот е 80. Тоа го кажав. Типот на чинење. Тоа е најевтиниот билет едно возење. Значи тоа е само еднократно искористување на билет во дадена насока во градскиот превоз. Цената на билетот за дневна карта е 100 денари и таа важи цел ден, возење во сите насоки и користење на јавен превоз во градските линии и тука имаме неделна карта од 550 денара, месечна карта од 1650 денари годишна карта од 16 000. Врз основа на интервалите како се зголемува поголем обем има на користење и искористеност на картата, така цените се намалуваат. Тоа е секаде пропорција за било кои работи. Цени за приградскиот превоз, значи цена на билетот на дневна карта, неограничен број на возења, воа се мисле значи ако ние имаме во денот 3 линии по 3 пати тоа се максимален број каде што може еден патник да се извозе 6 пати, повратен билет имаме од 140 денара, кај што може еднократно на пр. од било која локација, од било кое село да отиде до градот и се врате назад. Значи таа е таа цена од 140 денара и исто имаме тука и неделни карти од 1400, месечна карта од 6000, на повратен билет имаме 270 денара неделна карта , месечна карта 2600 денара , исто и годишните карти.Овоа тука насловот ми е згрешен, се мисле на градски превоз . Да ова ни треба сега. За приградски превоз Кожув. Не спомнав дека линијата до Кожув ќе се одвива два пати во неделата. Нема да биде секој ден. И тоа ќе произлезе врз основа на статистики кога ќе направиме анализи дали ќе се зголеме или ќе се намале обемот за тој дел од приградскиот превоз. Тука имаме цена за билет за дневна карта од 350 денара, едно возење имаме 200 денара. Секаде ни се намалени повратните билети се поевтини од единачните билети. Неделна карта два пати во неделата имаме 620 денара, месечна карта 2300 денари, годишна карта од 25 000 денара. Да ве запознаам малку и со евиденцијата за наплата. Значи тука е предвидено на самиот почеток се врши наплата во самиот автобус, односно со издавање на единачен билет во зависност од кој тип на линија го користиме и со каква намена. Купување на билет со фискална сметка. Меѓутоа пак граѓаните ќе добиваат картички за еднократна употреба, кај што на мобилен уред што е специјализиран за таква намена во автобусот. Ќе се врши поништување на тој билет . Еве тоа го пише и тука. Ќе има можност за плаќање со платежна картичка на посттерминали кои ќе бидат исто во самиот автобус. Значи што поголем опсег на типови за наплата во стартот додека не се, практично додека не ги научиме граѓаните да користат персонализирани, неперсонализирани картички, бидејќи тие се исплатливи варијанти што се користат за подолг период. Планирано е да се воведеи новчаник кој се користи за наплата на овие услуги. Тоа е слично како она М-тагот што е за патарините што се користе, па да се префрлат средства и со таа картичка ќе може да се направе наплата во самиот автобус. Сега тука има некои други работи кај што ми се, вредноста на бодовите, кај

што е вредноста на бодот за исплата на плати на административни службеници и даватели на јавни услуги е предвидено да биде 81,6 денара, тоа е согласно Закон за административни службеници. Систематизацијата е изготвувана од Секторот за човечки ресурси кај што многу, многу и немаме опција да ги модифицираме работите. Добиена е согласност од Министерството МИА за целиот концепт на систематизацијата и со бројот на работни места. За информација ќе се користат инфо табли кои ќе бидат поставени на автобуските постојки, кога доаѓаат, какви линии има, колку цена на чинење на билетите, ќе се направат флаери со возен ред за сите локации, ќе има веб страна на ЈП "Градски Превоз" кај што исто ќе можат да се видат сите информации за што повеќе да се користе масовно јавниот градски превоз и да му се даде услуга плус на граѓаните за подобар живот во Општина Кавадарци. Тоа е во принцип вака накратко за сите работи што се поврзани со превозот . Ако треба нешто дополнително ќе одговориме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директоре. Почитувани советници втората точка на денешниот дневен ред ја ставам на гласање. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Ја ставам точката на гласање. 18 за. Одиме на третата точка од денешниот дневен ред. Тоа е

3. Одлука за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. А се извинувам. Повели.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Јас ќе ја искористам оваа прилика да се јавам за точката со која се предлагаат цени утврдени од ЈП Градски Превоз Кавадарци. Сметам дека цената на единечната карта за градскиот линиски превоз од 40 денари со субвенција плус 40 денари, значи во вредност од 80 е висока, затоа што еве за споредба Општина Прилеп на 19.09.2022 година донесе одлука за покачување на цената на билетот за единечна карта од 20 на 30 денари. Во Општина Битола исто се покачува цената од 20 на 30 денари. Месечната карта во Битола од 800 денари, за разлика од оваа кај нас 1650 се покачува на 1200. Значи 450 денари помалку. Приградскиот превоз во Битола чини единечна карта 50 денари, за разлика од тоа кај нас 80 денари,месечна карта за приградски превоз од 1700 на 2200, кај нас 2600 денари. Со ова можеме да дојдиме до заклучок дека ние имаме цени приближни на цените во град Скопје. Во град Скопје е 40 денари дневна карта, со тоа што со таа карта може да се движите од Гази Баба до Ѓорче во еден правец над 10 км.Разликата е само во цената на ноќниот билет од 50 денари. Значи километражата во просек од едно возење

во град Скопје е многу поголема од онаа кај нас. Исто така и стандардот и другите трошоци се многу повисоки. Сметам дека овие цени со тоа што субвенционирањето наместо 50% да се покачи барем на 60% и треба цените со тоа да се намалат. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој друг бара збор. Повели Јован Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас при формирањето на ова претпријатие гласав за формирање негово, меѓутоа не бев задоволен затоа што ние независните советници немавме членови на Управен и Надзорен Одбор и јас на Комисијата прашав на кој начин се формирани овие цени, пошто немаме наши претставници во Управен и Надзорен Одбор да ни објаснат, ни беше обеќано, ама така е. И се слагам со анализата што ја направила советничката група на СДСМ дека треба да се направе подетална анализа. Да бевме уклучени во Управен и Надзорен Одбор сигурно и ние ќе учествувавме со наши мислења, анализи дали е таа цена исправна,сега пошто не сум доволно информиран нема да гласам за овие цени. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Валентина.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Благодарам Претседателе. Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Предлог одлуката за утврдување на цената на билетот за превоз на патници на територија на Општина Кавадарци, на територијата на селата од поранешната Општина Конопиште е превисока. Целта за воведување на овој превоз беше на граѓаните да им овозможиме да стигнат до потребната дестинација, да организира и на поевтин начин. Предложените цени од 40 денари за билет градски на градско подрачје е 80 денари, во приградско подрчје и 200 денари во селата од поранешната Општина Конопиште се многу високи цени. Споредбено со Општина Прилеп и Општина Битола, кои се географски многу поголеми општини од Кавадарци цената е 30 денари за градско подрачје. Предложената цена на билет е иста со цената во Град Скопје. Нашата значи предложена цена е иста како во Град Скопје. Предлагам да се ставе можност , повратен билет во градско подрачје кој е изоставен, немаме повратен за една релација значи од и до и да се утврдат пониски цени кои на граѓаните нема да им претставуваат голем издаток од семејниот буџет. Благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. За предложените цени сметам дека се направени врз основа на она што значи материјален трошок што треба да биде покриен од страна на корисниците на услугите на јавниот превоз. Тоа значи гориво, плати за вработените, кои што треба да се обезбедат, амортизација

на возилата,управувањето нели на овие што се постројките итн. Што се однесува до анализата која што е правена врз основа на Прилеп и Битола и Скопје заклучно, значи ние не можиме да збориме за линија на територијата на Град Скопје, каде што имаме нели како што кажа советникот од Ѓорче до Влае или од Влае до Аеродром имаме 70 пропратни станици, има 600 000 жители кои што ќе го користат тоа. Ние имаме станици 20, кои што ќе бидат користени од 35 000 жители. Значи разликата е и тука . Друго приселските општини. Значи збориме за села кои се одалечени по 40 км и 40 назад се 80 км. Цената на горивото не е 20 денари. Значи кога правите анализа, немојте да правите селективна анализа, само колку да се каже да се добиваат политички поени. Значи збориме за должина на некоја линија, збориме за број на станици, збориме за број на граѓани кои што ќе ја користат. Јас верувам дека овие цени што се предложени се и коректни од една страна. Од друга страна дали имаме членови во Управниот или во Надзорниот Одбор не е мерило дали знаеме или не знаеме информации. Значи ние како советници сите информации ни се ставени на тацна и доколку сакаме да ги побараме, ќе ги добиеме. Во ред. Сметам дека за почеток е добро што воопшто ќе имаме ние и приградски линии, да не збориме колку е сега стартот на една такси служба. Тоа си е веќе нивен проблем, меѓутоа со овие цени кои што ги имаме на резервни делови, на гуми, на горива, такви работи сметам дека цената е најнормална и пристапна да се каже, за 40 денари од Сопот да дојдеш до центарот на Кавадарци. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика повели.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Советниче значи вака. Мојата анализа не е во однос на цената на чинење на билетот. Не ја спорам таа цена. Еве на пример Градски линиски превоз единична карта 80 денари, цената е во однос на субвенцијата. Ако ја покачиме субвенцијата на 60% автоматски ни паѓа цената која што треба да ја плаќа граѓанинот. Не ја спорам јас вкупната цена како е формирана.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалниче, колеги советници, медиуми, администрација. Јас сакам да ја поздравам одлуката за формирање конечно на ова ЈП, бидејќи секојдневно се соочуваме значи со лица кои што стварно не можат да дојдат од селата до градот или обратно.Значи конечно еднаш за навек се решаваат овие проблеми. Јас сум сведок каде има мои пријатели конкретно од села Бегниште и Ресава каде моменталните линии не функционираат. Значи со ова му се решава еден децениски проблем што наназад се влечеше. Во однос на цената сакам да потенцирам дека моментално значи цената на чинење, како што образложи директорот на ЈП е 80 денари. Општината учествува со 50% субвенција, односно за градските линии е 40 денари. Јас колку што знам моменталната цена за градските линии е 50

денари, значи ние носиме и пониска цена од моменталната што е. Досега јас мислам ова прашање не беше предизвикано како проблем, а сега поевтино е за 10 денари од моменталната цена. За околните приградските населби или селата, реално не ги знам како стојат моментално цените, но знам дека граѓаните кои што моментално ме сретнуваа, значи само ме прашуваат кога ќе профункционира ова претпријатие, бидејќи во моментот , значи они користат пр. до Бегиниште знам дека се собираат по петорица или дали можат да се соберат за такси превоз во еден правец 500 денара му наплаќат. Тоа е по 100 денари по човек. Значи моментално со ова ЈП ќе се реши проблемот и врз основа на постоечките линии, односно линиите кои што веќе ги нема, доаѓа до поевтина цена. Во споредба со другите градови стварно не знам каква е ситуацијата, но со моменталниот постоечки превоз што децении бил во Кавадарци се решава и превозот и цените според мене се пониски. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Само момент. Директоре дали субвенциите што ги дава Општината ги имаш дефинирано како цифра колку се.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани додека да добиеме одговор од директорот јас да го искористам, во интерес на времето да го кажам моето мислење во врска со понудените цени. Значи цената на чинење што е понудена од ЈП е цена направена врз основа на истражувања. Значи понудената цена е врз база на соодветна методологија и вистинската цена на чинење на јавниот превоз ние ќе ја видиме кога ќе почне да функционира ЈП, но цената на чинење не зависи само од трошоците кои што ќе бидат направени за да функционира ова ЈП, него во најголема мера зависи и од тоа колку граѓаните ќе го користат јавниот превоз и тоа е дополнителен аргумент за нас како советничка група дека цената треба да ја намалиме, што треба да ја плаќат граѓаните, да биде 30 денари со цел да овозможиме поголем број на граѓани да го користат јавниот превоз. Тоа значи дека ако цената еве нека биде и 80 денари цена на чинење, 30 денари да биде цена за граѓаните, 50 денари на терет на Општината, но тоа во наредниот период кога ќе функционира ЈП со тоа што ќе понудиме пониска цена, ќе овозможиме поголем број на граѓани да го користат јавниот превоз со тоа ќе оствариме и поголем приход и реално ќе имаме намалување на цената на чинење на јавниот превоз, а ќе имаме и дополнителни бенефити. Значи повеќе граѓани штом ќе го користат јавниот превоз имаме и дополнително намалување на сообраќајниот метеж во градот, намалување на загадувањето и на некој начин како општина со субвеницонираниот превоз со тој износ ќе му овозможиме на сите граѓани да го користат бенефитот што го плаќа Општината во делот на јавниот превоз. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ви благодарам советничке. Круме повели.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Несомнено е нели дека се развива и ќе има влијание на руралниот развој оваа одлука. Така да дефинитивно се согласувам со почетокот на работа на ова претпријатие, а сега кога стнува збор за цената, нели, жива материја е и речиси невозможно е при самото иницирање на работата на претпријатието да ги дефинираме целосно овие цени. Така да огромна е веројатноста дека ќе се менуваат во иднина. Јас мислам дека има опасност кога станува збор за т.н. горни села, во однос на селата Чемерско, Бохула, Бошава и околината, мислам дека постои опасност заради тоа што е многу висока цената која што е утврдена за јавниот превоз приватните превозници да ја намалат цената и да се случи исто како пред неколку години и во Скопје, да биде попопуларен приватниот превоз отколку јавниот превоз и на таков начин џабе ни се иницирани самите линии кон тие села. Тоа е реална можност и би ја искористил оваа прилика за да укажам на истата. Фала.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници. Само момент да објаснам. Значи целта на секое ЈП претпријатие вклучително и за ова ЈП не е да се печале, не е да ствара профити, туку цел јавниот интерес на граѓаните е најбитен. Не е интенцијата нешто друго да направиме .
ДИРЕКТОР НА ЈП "ГРАДСКИ ПРЕВОЗ": Значи како што кажа советничката од СДСМ најголем удел во цената на чинење на билетот е горивото со 65% и бројот на извозени патници. Значи ние сега имаме процентуални бројки земени од досегашни статистики кои се неточни стопостотно. Тоа е факт. После 3 или 6 месеци работа на претпријатието може да се направат корекции и да се утврдат точните бројки, врз основа на статистики, кои ќе бидат реални бројки од тоа што ќе се случува во нашата општина како број на извозени патници. Разликата би била, значи моментално ако врз основа на податоците што сега ги имаме , само направени се пресметките, односно субвенцијата сега на годишна основа би била 7 500 000 денара , а ако се смене со 60, 40% би била 9 200 000 односно разлика од 1 600 000 денара, како предвидена основа за субвенционирање. Тоа е тоа.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам директоре. Повели Вуко Мелов.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Истата анализа која што ја спомнаа советниците, ја имам и јас. Значи ние имаме утврдено карта, дневна карта за едно возење од 40 денара, кое што е на ранг на град Скопје, меѓутоа како што спомна и колегата Павле, таму релациите со кои што се возат граѓаните се драматично поголеми заради тоа што станува збор за доста поголем град. Може само да не ме

прекинуваш. Тоа е една работа. Втора работа во делот затоа земав пример со општини, на пример Прилеп е да речам малце поголем град од нас. Ок. Во Прилеп до пред месец дена имате цена на билет од 20 денара. Еве ја. 20 денара, па следната одлука, ова веројатно не му е ветено на Градоначалникот , на 19.09. 2022, каде што е зголемена на 30 денара, 30 денара изнесува цена на едно возење. Исто така и во Битола не знам дали Градоначалникот ветил на изборите покачување, меѓутоа еве таму била 20 . Поскапена на 30. Исто2022 година. Цена на билет месечен 1200 денара. Кај нас 1650 денара. Значи со утврдување на овакви цени кои што ги имаме сега ние ќе се доведиме во ситуација да по реализираното изборно ветување на ВМРО ДПМНЕ и Градоначалникот на Скопје за бесплатен јавен превоз, да имаме најскап јавен превоз во цела Македонија. Така да сметам дека треба да ги спуштиме овие цени и да одиме со цени приближни на градови кои се поголеми точно од нас, меѓутоа кои што горе доле имат, се поблиски во однос на територијалната големина на градот и друга работа која што треба да работи ЈП и Општината е на подигање на свеста, а тоа е повеќе да се користи јавниот превоз. Тоа е и од еколошки аспект влијае на делот на загадувањето и мислам дека на тој начин може да ги оствари претпријатието истите приходи, но со пониски цени, само со стимулирање на граѓаните да повеќе користат јавен превоз во Општина Кавадарци. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро е, плодна е дискусијата во делот на ЈП. Сите сме едногласни дека да треба ЈП за превоз на патници. Само не заборавајте една работа дека ова е за првпат во Општина Кавадарци. Нештокое што не постоело претходно. Инвестицијата воопшто не е мала. Не би сакал ни во еден случај да се посрамотиме и да се доведиме во ситуација, како што е доведено сега ЈСП Скопје. Со штрајкови, протести, па нема линии, па има линии, па 40, 50 000 000 денара должат на приватни и ред, ред други работи, а не пак да ветуваме бесплатен превоз, мислам дека тоа е илузија, бесплатно ништо не постое на светот. Во делот на цената за коофинансирање од Општината,ако првичната сума е 7 500 000, тоа не е апсолутна страшна сума за да ние ја подигниме и ја направиме 10 000 000 и дојде картата со пониска цена во делот на попримамлива на автобуските билети. Јас мислам дека треба да отпочниме со ЈП, да ја дигниме свеста на јавниот превоз. Ние сега купуваме нови модерни автобуси како што во Кавадарци можеме да кажеме и немат видено за јавен превоз, него ептен софистицирани автобуси, со климатизирани, со добро греење, со хигиена и со сите услови кои што треба да постојат. Во делот на советничката Веса што кажа географски дека поголеми општини се Битола и други, тоа не е точно. Или да. Еве на Веса нека биде гревот. Значи не. Географска по големина општина сме втора во Републиката. И само за една информација. Локални

патишта без градските, со исклучок на Марена, Глишиќ, Кавадарци, Ваташа 287 км имаме локални патишта во Општина Кавадарци кои што треба да ги извозиме. Убаво си поминавме. До Бохула е 41 км и 40, 80 ридско- планински дел кај што потрошувачката и на гориво и на се е x2 него да се возиш од незнам од Ѓорче до Центар или било каде . Исто ни е и во случајот со Шивец и со Раец. Јас кога би ги симнувал цените и кога би размислувал за анализа би ги симнал и за руралната средина, пред се, за развој на руралната средина и за приградските и за градските и друго би кажал, не сакам да поентирам со ова, него би заокружил да идеологијата на ова претпријатие треба да биде со неговото функционирање, после март, април, да пензионерите, лицата со посебни потреби, социјалните категории да бидат комплетно ослободени од плаќање на карта и тоа ќе го направиме и ќе го направиме заеднички и ќе го донесиме како одлука. Многу битно е да почне да функционира. Ние може да донесиме одлука и да кажиме дај првата недела или една недела во месецот да имаме бесплатна вожња. Да ги примамиме луѓето да се качат. Кога ќе ја видам јас раководител на сектор Ленче Чиркова со автобус да дојде на работа, јас ќе бидам најсреќен човек на светот. Да го дигниме тој ментален склоп на таа работа , а 50 денара и 40 е мислам дека се дикутабилни и треба да се разговара за тоа да. Бројот на патници ќе си го каже бенефитот во делот на крајната цена. Мислам дека треба домаќински да размислуваме зимаме лизинг, зимаме автобуси, кои што не се малку пари воопшто, 700 000 евра инвестиција. Не е да се заглавиме, после па да кажиме тој е крив, овој е крив или било кој. Ќе бвдиме најрационални и во делот на вработувањата и во делот на трошковите, а плус предвидувањата на нафтата и нафтените деривати, а тука вклучува се одржување на автобуси, гуми и сите други работи. Ние не знаеме што ќе биде за 2 месеци. Има многу лоши предвидувања во тој дел. Така да мислам дека ова првично, ако почниме вака да функционираме со ова цена јас повеќе би се согласил со една одлука на предлог на Управен, еве како предлог нека биде. Одлука на Совет два дена во неделата кои што ќе ни бидат најслаби или 3 дена во неделата да ни бидат бесплатни. Јас знам дека среда, петок и недела би требало да бидат најјаки денови во делот на јавниот превоз, затоа што и пазарот е вклучен и ред други работи. Можеби вторник и четврток ќе ни биде најслаб ден, па да вклучиме бесплатни вожњи, бесплатен саат. Значи има тука за анализа за правење многу. Тоа што ќе биде бесплатно, не смее да биде на товар на ЈП, да банкротира, него треба да обезбедиме средства во делот на кофинансирањето во делот на самата карта и на секоја субвенција. Ние уште не знаеме дали е тоа 7 500 000 на годишно ниво или ќе биде 9 000 000 или 5 000 000 . Нека стартира претпријатието со оваквите цени, директорот треба да биде ажурен,

треба да ги сублимираат и гледаат сите ситуации, а во делот за намалувањето на цената е најмала работа, затоа што тоа е наша одлука и е врз основа на терет на самата општина. Нема да биде на терет на претпријатието. Јас се согласувам и денеска. Ако сакате ќе одиме 60 40. Ова е 50 50. Ако одиме со 60 40 треба да направиме анализа сега да не биде од мене сега наметнато. Дај да видиме, ако треба на кратка пауза . Ако отидиме со 60 40 што значи тоа за дневно возење . Мислам дека 10-те денара не се тема сега, али еве ако мислите дека треба да поразговараме на таа тема јас би разговарал и во делот на социјалните категории, во делот на пензионерите би го оставил за во втора фаза, а исто во прва фаза по починање на работа со претпријатието би оставил и оној простор да се разговара за празни саати, за помалку патници. Еве имаме предлог пример пример кај што не дојде советникот Вуко по урбаните и месните заедници од Сопот, Дреново и Бегниште побараа петок 20 до 21 часот да имаат една линија за Кавадарци и сабота, а во 01 да се враќат назад, вика пошто нашите деца тинејџери излегуваат во Кавадарци, да не си идат со такси сите, може ќе треба и таква посебна линија да се вклуче. Така да може ќе има посебен билет така. Значи и тоа е добро да го имаме, ама не можиме да предвидиме се во старт. И пак ќе кажам за првпат правиме ЈП. Луѓе купуваме 4 нови автобуси и 5 постоечки. Тоа се 9. Значи имаме веќе капацитет. Не можиме да се рамниме. Сега не знам дали си го видел автобусот во Прилеп. Во тија не се качува никој. Сет е окубан од сите страни. Не е на пропан на бутан е .А бе циркус. Али тоа е нивна работа. Дај да си бидиме домаќини како досега да не донесиме ниедно претпријатие во загуба. Значи не е мала работа, осетлива е категоријата . Никој нема да ни даде нас гориво неограничено, а горивото 65% вика директорот дека учествува. Горивото ќе треба за 15 дена окога ќе го земиме да си го платиме, плата на први ќе си барат вработените, ајде нови се автобусите, од кога ќе ги амортизираме треба да мислиме да купиме пак нови автобуси. Така да мислам ако се согласите да направиме анализа. Не би сакал да се делите овој дел, пошто бенефитот е за сите, како личен бенефит зборам пред се, а понатаки во делот на придобивките е само на граѓаните и во моментот ние имаме страшен проблем, не би именувал него со нашите ученици. Имаме реакција од родители, реакција од ученици кои по саат и пол, два чекат на автобуска постојка да ги земе автобус така. Мислам дека сте добиле таква информација. Со ова тоа ќе го надминиме. Безбедно, сигурно и квалитетно да го истранспортираме секое дете како што треба и го однесиме на соодветната локација, затоа ни е обврска како Општина. Исто и овој патник. Исто да видиме со Општина Росоман кој ќе биде бенефитот од таму. Значи има многу линии кои што треба да ги негуваме, а развојот на превозот е неминовна работа

пошто сега една вожња од Дреново до Кавадарци ми се чине дека е над 350, 400 денара по човек и 350 да се врате 700 и тоа е веќе луксуз. Во овој случај Дреново доаѓа 80 денара така. Мислам дека сме 3 пати помалку. Она што кажа советникот да не дозволиме јавниот превоз да биде поскап од приватниот. Уште тоа ни фале. Нема шанси да дозволиме да биде поскап. Тогаш нешто не е во ред со нас работата. Или превработеност или не знаеме да работиме. Тоа што го зборевме преѓеска менацирањето ние мораме да го направиме да биде врз основа на кофинансирање. Оставам простор да поразговарате ако сакате во делот на еве да го намалиме процентот. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници едно мое гледиште, па пауза ќе дадам. Мислам дека, го поздравувам како Претседател на Совет овој проект. Нешто што се надевам што жителите на Општина Кавадарци ќе го осетат благодетот уште во самиот старт. Проблем кој реално ги тиште нашите граѓани, бидејќи во последно време на оваависока инфлација и на пореметен домашен буџет сметам дека возењето со такси веќе стана луксуз. Во однос на секое ново претпријатие кога се формира, во однос на начин на функционирање, во однос на рентабилност и цени на своите услуги, мое гледиште е дека треба да се даде можност сите критики што се во позитивен правец, вклучително и цена на флуктуација, на субвенција и билет на карта што треба да ја плате нашиот жител треба да се земат во ред, меѓутоа ако првиот тромесечен извештај го видиме здравје боже негде во март месец, бидејќи на 10. 01 според извештајот гледам дека е планот да се почне би можеле да направиме некоја погруба слика да видиме каде сме со цената дали може или дали сме реални во однос на цената на билетите . Мое гледиште е да се почека. Верувајте никој не е во интерес и никој нема право да си игра со денарот на нашите жители. Сметам и дека и вашите забелешки се оправдани. Меѓутоа оправдано е и самото мислење и анализа на директорот. Да дадиме фора од 3 месеци, кога ќе направиме една анализа да видиме каде сме со цената, а во текот на наредниот период во овие 3 месеци вклучително и декември да посветиме поголема промоција и внимание на самиот јавен превоз, комплетно со целиот начин на негово функционирање, да ги запознаеме самите наши жители дека ќе почне, да му се овозможе полесна достапност преку центрите за функционирање, пред се социјални мрежи, нашите медиумски покриени телевизии, медиуми за да може народот комплетно да влезе и да функционирасо тоа. Тоа е моето гледиште. Ако сакате, не е никаков проблем можеме да дадиме пауза за 5 минути за консултација за цена. Благодарам. Пауза.

Почитувани советници се слушнаа различни толкувања, различни размислувања, сите беа во интерес на функционирање на самото

претпријатие. Со оглед на предложените линии и со начинот на функционирање на апсолутна застапеност на секоја постојка на време од 30 минути предлагам оваа точка да оде на гласање со овие цени. Во наредниот три месечен мандат на функционирање на самото претпријатие од страна на директорот мора да добиеме анализа за тоа колку е цената, дали е над нормала или е под нормала, односно сакаме една комплетна слика на самото претпријатие, пред се во однос на неговото функционирање, за што се надевам дека од страна на директорот нема да има никаков проблем во сето тоа. Така да предлагам точката на дневен ред да ја гласаме со овие цени. Кој е за.
СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Само кратко да се вклучам. Од правен гледен аспект ние како советничка група не сме за тоа дека нема да се намале цената. Најмал проблем е намалувањето од правен гледен аспект, а предлогот за цената го дава Управниот Одбор. Ние овде како што не сме предлагачи на цената немаме право да ја менуваме одлуката за цената. Може да гласаме за или против, а во делот на менување на цената како предлагачи ние не се јавуваме, Советот не се јавува, се јавува Управниот Одбор на претпријатието. Благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде реплика. Ама од место Вуко.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи вака. Јас не знам по кој правен аспект се водеколешката. Може да не ме прекинуваш сега. Јас тебе те дослушав.Вака од правен аспект чим е точка на дневен ред, Советот носе одлука. Советот носе одлука за цена на превозот Како е законот. Значи не значи дека се што ќе ни предложе Управен Одбор ние сега егзктно треба да прифаниме тука или да одбиеме. А не можиме да гласаме со заклучок да се редуцира. Нема. А зошто тогаш гласаме милион точки со заклучок. Значи си играеме играчки така. Сега види јас не сакам да ве доведам во ситуација, во град Скопје си ветувавте бесплатен градски превоз заедно со Градоначалничката. Јас не сакам да се доведите во ситуација да град Кавадарци има поскап јавен превоз од Скопје. Значи не сакам да се доведиме во таква ситуација колешке. Ама зошто сега ме прекинуваш. Не само го спомнав во контекстот. Пошто види пред некоја седница гласавме и за детски градинки. Јас не гледам нигде во Македонија дека се покачува детска градинка. Како само тоа во Општина Кавадарци се локалните јавни услуги се највисоки. Одговори ми. Ви благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи сега пред малку советниче зборувавме за детските градинки. Абе Кавадарци има квалитет. Не е се само во парите. Некогаш и за пари не можеш да купиш нешто. Имаме квалитет. Немаме ниедно дете на чекање. И значи. Е сега само да ти одговорам во делот на квалитетот. Квалитетно децата ги чуваме. Мене ми е многу побитно секое дете да биде безгрижно згрижено, кавалитетно нахрането и ухрането и да не чека ред и да нема

партиски спискови како што имавте пред тоа за прием во градинка. Сега тебе ти ја земавме, како Претседател на Општинската Организација тебе ти е одземена една ингеренција. Немаш список сега за деца за примање во градинки. Е сега таа ингеренција ти е земена. Е затоа пример сите градинки ќе ги покачат само да не е касно. Така да градинката сеуште кај нас е социјална категорија и е во делот на она што значи симболично плаќање учество на партиципација на родителот во делот на градинката. Видовте во делот на колку реално кошта на едно дете престојот во градинка месечно. Тоа е над 18 000 денара по сегашни цени. Значи ние само со 12% партиципират родителите. Ветувавте и вие во Здравствен Дом и во Општа Болница, дека ќе нема и во клиниките партиципации, па еве уште плаќат партиципација. Ја спомнавте сега тука Данела за Скопје. Нека си ја брка жената работата. Ете ги штрајкуват таму од ЈСП. Не знам кој организира. Ако е организирано, тоа не е нормално. Значи второ пак ќе повторам гледаме колку е должно ЈСП пари, гледаме Град Скопје колку должи на приватните превозници. Нема да се доведиме во таква ситуација. Во една дебатна емисија го спомнав тоа и ќе ви го повторам и пред мене, а нека биде тоа и после мене Кавадарци било домаќинска општина, не била никогаш задолжена и не должела на никој од кога постое како општина. Е сега да ја доведиме во ситуација да биде нерентабилна. Некоректно е мислам, дај да б идеме објективни, цените се симболични, да ги изгласаме, да им овозможиме на луѓето квалитетен превоз, на секој пола саат на секоја автобуска постојка они ќе гледат автобус, линија. Не било тоа абе луѓе. Досега имаме 3 линии во 24 саати. Сега Аце колку има во 24 саати линии. 14 градски имаме линии. Мислам рачунајте ги, имаме и попладне линии.Имаме и паузи. Значи тука има доста. Автобусот не е мала работа. Значи знаете колкав е трошокот, знаете што значи. Град веќе чим добива, доби јавен паркинг, вие викавте ако дојдите ќе го укините паркингот. Грешка бевте. Сега доби ЈП за градски превоз. Одлична работа . Доби, деца да нема ниедно да чека за во градинка. Многу сериозна работа. Ќе добие Старечки Дом, спортски сали, затворен базен, отворен базен, Старечки Дом. Тоа е градот. Во соработка со сите советници. Така да мислам дека ова е многу коректно. Ако не гласаат, некогаш и воздржаниот и противот и тоа значи нешто. Присутен е тука. Ние одговараме пред граѓаните. Граѓаните се тие што бараат превоз, молат за превоз , а ние добро е што почнавме во февруари, март ова да го развиваме како ЈП. Сега ако почнеме да разговараме за ЈП, ќе беше многу касно. Така да мислам дека сме навремено. Благодарам .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Нешковски со излагање.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Кратка реплика кон колегата Мелов. Значи колега многу емоционално ги

примате и многу емоционално реагирате на сите точки на дневниот ред. Вие сте Претседател на Општински Огранок треба малку посериозно, на повисоко ниво дискусијата да ја отворите. Значи за да не бидеме во заблуда тука, како советници ние коректно е да дискутираме нели цените дали се високи, дали се ниски, но одлуката за висината на цената ја носи Управниот Одбор на било кое претпријатие. Ние тука може да гласаме само позитивно за таа одлука или негативно. Ако гласаме негативно, тогаш се враќа повторно на разгледување на Управен Одбор на ова претпријатие и се носат нови цени. Ние тука да дискутираме да биде толку или онолку, мислам дека можеме само онака паушално да си зборуваме без никаква правна одлука. Се знае одлука ја носи Управниот Одбор на претпријатието . Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели реплика и да гласаме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Колега вака. Прва работа и ти почнуваш лично да ме напаѓаш јас сум ги доживувал одредени работи премоционално. Јас кога ќе излезам да зборувам на оваа говорница 5 души ме прекинувате. Само се мењате некогаш ти, некогаш Градоначалникот, некогаш некој друг советник. Нејсе. Ме прекинувате така. Мислам го гледаш. Ок. Друга работа во однос на одлуката. Одлука носе Советот на Општина Кавадарци . Ако ние ја отфрлиме оваа одлука, со забелешка и со заклучок дека треба да се намалат цените т. е. да се зголеме субвенцијата од Општината, ќе добиеме наредниот пат предлог врз основа на тија заклучок и така сме работеле досега . Јас не гледам што е проблемот. Трета работа во делот на детските градинки Градоначалник јас во јуни месец ли беше иницијативата. Не во мај. Во мај месец имавте еден став по однос на детските градинки и во однос на партиципацијата и во однос на цената која што ја плаќаат граѓаните за детски градинки. Јас гледам дека само во Општина Кавадарци истата е зголемена. Не гледам на друго место каде е зголемена. Не гледам. Трета работа ви го ставив во контекст да не се доведиме во ситуација да имаме поскап јавен превоз, заради тоа што пред избори минатата година во Скопје ветувавте дека ќе биде бесплатен јавниот превоз. Сега зошто да имаме ние поскап јавен превоз од Скопје. Мислам дека не е во ред. Добро. Најдобри сме во покачување и поставување на највисоки цени на локални јавни услуги. Најдобри сме во делот на покачување и ставање на највисоки услуги на локално.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам Претседателе. Еве пак гледаме нели кое е нивото на дискусија . Колега само ако може да завршам, после тоа можеш да се јавиш слободно за дискусија. Колега Мелов значи имаш точка на дневен ред . Сега ја читам еве слушај:

Одлука за утврдување на единечна цена на билет на општински линиски превоз на патници на територија на Општина Кавадарци

донесена од Управен Одбор на ова јавно претпријатие. Значи пак ќе кажам ние не можеме да менуваме цена донесена од Управниот Одбор на ова претпријатие. Ние можеме само да сугерираме дали цената е ниска или е висока и дали оваа одлука на Управниот Одбор ќе биде прифатена од наша страна или не. Доколку не е прифатена, се враќа повторно на разгледување, Управниот Одбор носи нова одлука, која што нели после пак доаѓа на разгледување на Совет. Значи за тоа. Оваа одлука е донесена од Управен Одбор. Ние треба тука да се изјасниме нели дали ја прифаќаме или не. Многу едноставно. Благодарам. А околу прекинувањето еве и камерите снимаат, може да видете нели колегата постојано ми влегува во збор. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за, молам со кревање на рака. Кој е за. Добро. Против. Воздржани. 1.Одиме на наредната точка на дневен ред. Тоа е.

4. Предлог-Одлука за давање на трајно користење движни ствари патнички моторни возила-автобуси, без надомест на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. За.

5. Предлог-План за вработување на ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци за 2023 година, донесен од Директорот на ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 10 за. Против. 6. 1 воздржан. Добро.

6. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за покривање на трошоци за комунални услуги за граѓани изложени за социјален ризик;

Тоа е 6-та точка. Отварам претрес по ова точка. Повели Весна.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитувани колеги, почитуван Градоначалник, почитуван Претседател, почитувани медиуми и граѓани на Општина Кавадарци. Се јавив за оваа точка само сакам да ги запознаам граѓаните на Општина Кавадарци дека Општина Кавадарци ја донесиме оваа одлука за субвенционирање на ЈП Комуналец за покривање на трошоците во делот на комунални услуги на граѓаните. Кои се тоа. Тоа се граѓани со социјален ризик. Ова субвенционирање ќе започне од период од 01.01. 2023 година. Вкупниот износ на субевенцијата изнесува 800 денари месечно по корисник. Кои се граѓани изложени на социјален ризик. Тоа ќе бидат граѓани со минимален, минимална помош, надоместоци што примаат заради попреченост и траен надоместок, а сите категории изложени на социјален ризик кои што ја исполнуваат оваа одлука, ќе можат да го користат субвенционирањето. Субвенционирањето ќе се добие по пат на јавен повик, кој ќе биде распишан од ЈП " Комуналец" и јавниот повик ќе трае 30 дена од објавувањето. За поздравување е

оваа одлука за субвенционирање на ЈП, бидејќи во овие тешки услови и голема инфлација, да му пружиме барем малку помош на граѓаните од социјален ризик. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Едногласно. Во ред. Пристапуваме на осмата точка од денешниот дневен ред.

7. Предлог-Одлука за продажба на недвижна стварна КП.бр.12689/2 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање (објект Гурман);

Отварам претрес по оваа точка. Повели Горан. Круме, па Јован.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Благодарам Претседателе. Ве молам за тишина. Вака. Бидејќи продаваме ствар која што е во Општина Кавадарци согласно член 66 од Законот за Локална Самоуправа, финансиските средства добиени од продажба на ствари во сопстеност на Општината, може да се инвестират само во стекнување на нови или во реконструкција на постоечки ствари во сопственост на Општината. Во координација со нашата советничка група од ВМРО ДПМНЕ и Градоначалникот бараме овие средства, значи што се предвидени со оваа одлука со заклучок да бидат ставени дека наменски ќе бидат наменети како што кажа претходно и Градоначалникот во нов Дом за стари лица или нека биде ако веќе постои некој објект или во купување на објект, но да се реши децинискиот проблем што го има оваа општина. Значи конечно како што и предвидовме во нашата предизборна програма да се реше проблемот за стари лица да имат свој дом и да не бараат решавање на тој проблем во другите градови, во околни и подалечни. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Повели Круме, па Јован.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Се соочуваме нели со економска криза. Имаме најава за приватизација на студентските домови. Истата тенденција и на локално ниво ја гледаме и со тоа јас би сакал да назначам дека со децении наназад приватизацијата беше дел од секојдневната практика на економско сопственичката политика, но сега таатреба да подвргне на суштинска анализа и ќе покаже дека ветувањата на неолибералната приватизациона политика, изразена преку термините за дебирократизација, пораст на ефикасноста, заштеда на трошоците, намалување на цените, децентрализација или дури и демократизација не беа исполнети. Наместо тоа сега има мноштво од проблематични последици, како на пример дедемократизација или растечка нееднаквост помеѓу луѓето. Продажбата на имот кој што моментално е во сопственост на Општина Кавадарци, јас верувам дека не носи кон дедемократизација ради тоа што народот не одлучува, немаше референдум за да се одлучи по ова прашање и растечката нееднаквост меѓу луѓето заради тоа што знаеме дека станува збор за централно

градско подрачје. Таму би се изградиле станбени единици, кои што би се продавале по огромна сума на пари . Моментално како што кажав сме во светска економска криза и ако се потсетиме на светската економска криза во 2008, 2009 година знаеме дека таа ја демистифицира оваа политика, како политика која е енормно потенцијална за создавање кризи. Значи секоја приватизација понатаму и отуѓување на јавен имот понатаму води кон уште создавање кризи. Како и да е ако алтернативите на ваквата политика се проблем, тогаш следствено неизвесноста станува последица. Какви концепти треба да се употребат за да се прифатат овие алтернативи. Бидејќи ако ние не успееме да изградиме ефективен контра концепт на приватното и на приватизацијата и исто така ако не креираме концептуален политички интра пункт за идентификација на реториката и политиката на приватното , опозиција на приватизациската политика ќе биде прилично скудна, без визија и без моќ за политичко убедување и мобилизација. Тоа е особено потребно за да се рзавие прецизна концепција за тоа како би се оформила реалноста во однос на концепцијата која би можела да претстави конкретни политички промени во институционалниот и регулаторниот економски поредок и кој што ќе претставува реални и различни алтернативи во светот на приватното, кој некако стана се поприсутен во последните 3 децении. Широко распространетата недоверба кон авторитарниот карактер на државната бирократска солуција наведува голем дел на популацијата кон оправдан антисеитизам или противдржавност кој што државата не ја гледа како дел од решението, туку како дел од проблемот. Пропагандата на неолибералниот пазарен радикализам исто така овде има оставено длабоки траги и последно, но не и неважно државно организираните добра и услуги во здраството, образованието, јавната достапност до информациите, како што се и библиотеките и интерната инфраструктура главно најчесто се во очајна состојба. Од ваква поставена аргументација произлегува дека поделбата на трудот и базичната сигурност која толку е потребна на државата одговорна за вака ниската вредност на добрата и услугите што се пружат додека пак повисокиот квалитет на истите би дошол кога тие би се присвоиле во приватни раце. Оваа дихтономија не води кон тоа да ги изедначиме државната сопственост и државното менаџирање со сиромаштијата, а приватното со богатството. Државните ентитети се презрени, а приватните респректирани. Државните се сметаат за нешто што треба да биде надминато, а приватните за нешто што има добра перспектива. Ова наметнато конфронтирање од страна на неолибералната приватизација потоа ни произведува и една наметната терминологија во поимите на политичкиот дискурс. Јас во ова прилика ве известувам дека натаму и заради тоа што има најавување за друго отуѓување во Општина Кавадарци на државен имот во општинска сопственост политичката партија Левица претставувана преку мене во

овој Совет ќе биде гласно против отуѓување на општински имот. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Ако се има во обзир дека закупнината што се зима од овие објекти со површина од околу 100м2 вкупно сите 3 објекти се околу 100м2, 96. Јас за тоа реков околу. Изнесува околу 500 евра или околу 30 000 денара и таа закупнина, тешко наплатлива. Имаме информации такви се оде секогаш преку извршител за да се наплате таа закупнина и ако се има во обзир дека тие се веќе навикнати таму да стопанисуваат со тие објекти и кога ќе му истече договорот за закуп, па најверојатно истите би ги зеле и пак би биле ние како Општина во тешка ситуација да му ги наплатиме тие средства од нив. Јас мислам дека одлуката за продажба е добра, би се инкасирале некои средства во касата на Општината и тие средства да се наменат со заклучок исклучиво за некоја капитална инвестиција, меѓутоа за која капитална инвестиција треба да се седне кординаторите од сите советнички групи и да се договорат заеднички со консензус за што би се вложиле тие средства. Зошто ова го зборувам. Затоа што стопанственците ако знаат дека отприлика таа сума на пари, јас што правев некоја анализа, што би требало да се добие при продажба со отуѓувањето на овие објекти е рамна на некаде од 50-60 години Општината да зима закупнина од овие објекти и ако ние сме паметни и ако се договориме во која капитална инвестиција би ги вложиле тие пари, тие средства ние би добиле или тој новиот објект кога би го давале под закуп многу повеќе закупнина месечно или пак би добиле некој објект од кој што ќе имат сите граѓани на Општина Кавадарци корист. И затоа ќе гласам за. Ќе ја подржам оваа одлука за. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Круме реплика..

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Значи мојата реплика е насочена кон советникот Јован. Значи единствена алтернатива на моменталниот закуп за вас е да се продаде истото место без разлика на тоа што има многу други, можеби и поиновативни и подостапни одлуки кои што може да ги донесе Советот за јавното добро. Не мора да биде продадено. Ние сме менаџери. Вие сте станале член на Советот на Општина Кавадарци, не за да викате дека веројатно ќе биде така, туку за да предлагате нешто да кажете да јас имам предлог тоа така да биде. Пример таму да никне парк, а не да се продаваат. Добро немаме знатна добивка од тие објекти таму, ги рушиме, правиме парк. Централно градско подрачје е, неверојатно густо населено. Можеме да направиме нешто за да се намали тоа. Понатаму значи вие споменавте и јас ќе ве подржам оваа одлука заради тоа што мислам дека нели ако се наменат за нешто наменски средствата од продажбата на овој имот. Дали тоа што би го добиле ние е соодветно на тоа што ќе го изгубиме ако овде се изградат згради пример.Значи ние мора да се соочиме дека тоа не од нас направено. Немаме ни достоинство толку за ние да одлучиме за тоа

да биде отуѓено. Значи има 40 000 луѓе во Општина Кавадарци и тука 19 души сега треба да одлучат дали тоа треба да биде распродадено или не, а тоа има импликација на огромна популација. И вие сега како независен советник со помалку од 1000 гласа се ставате во позиција за да кажувате далие тоа исправно или не е исправно. Никој нема право, а мора да се соочите со тоа дека ова е трајна одлука. Значи ако досега ние сме одлучувале за тоа место, од сега натаму некој си приватњак ќе одлучува за тоа место. Нема ние да одлучуваме.Ниту пак граѓаните на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Колега секој од нас си има право да си го каже неговото мислење. Јас си го кажувам моето мислење, затоа што сметам дека моето мислење е исправно, а дали мене граѓаните ме избрале со помалку или со повеќе од 1000 гласа, тука негде сме и твојот избор е толкав, толку гласачи имаше, иако си претставник на некоја партија, а јас сум независен и треба ние да одлучиме. Не може ние сме 19, ние ако не носиме такви клучни одлуки кај ни е крајот. Ни мора да знаеме какви одлуки носиме. А мислам дека оваа одлука е добра одлука. Ви благодарам.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Ние како советничка група сме против отуѓувањето на општинскиот имот, особено не во време кога кажуваме дека долговите сме ги намалиле, дека Општината е во добра економска кондиција, а знаеме дека цената на недвижностите оди во нагорна линија. Треба да се чуваат овие капитални недвижности затоа што тие ни ги оставиле претходните генерации и треба да ги оставиме и ние. Со тоа што да дадиме предлози како тие да се разработат и да носат одреден бенефит на Општината. Не мора секогаш тој бенефит да е материјален, некогаш треба да е и за општо добро. Благодарам.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани според мене продажбата на овие објекти, не се функционална единка, значи не се целосна единка, значи се на различни локации и до ден денеска , веќе 40, 50 години, колку ги има Општината тие се сеуште нефункционални и само ги користат одреден број на граѓани, дали ќе биде еден, друг, втор или трет. Значи тоа се само тројца граѓани кои што имат бебнефит од тоа. Анализата покажува дека ќиријата која што е добиена од тие објекти изнесува некаде околу 5000 евра на годишно ниво. Според проценката која што ја извршил овластен проценител, значи тие дуќани сега во моментот изнесуваат 120 спрема сегашната пазарна цена, околу 120 000 евра почетна цена, што тоа значи дека за 20 тоа е ќирија за 24 години кои што треба да ги добие Општината, а ако оваа цена пошто ќе биде на електронско јавно надавање може да достигне и повисока цена. Значи не знаеме тука. Зборам значи за минимумот кој што е предвиден со продажбата на овие објекти. Согласно Законот за Локална Самоуправа, член 66 вика вака:

Средствата добиени од продажба на капитални средства во Општината можат да бидат наменети само за изградба на нови капитални објекти

или за реконструкција на постоечки капитални објекти, што значи дека не станува збор дали Општината е во добра или во лоша економска кондиција . За жал ваша Општината е во добра економска ситуација. Значи ќе го прочитате членот од Законот за Локална Самоуправа, член 66 ви го цитирам прочитајте го слободно. Што значи овоа. Значи дека средствата добиени со продажбата на овие објекти кои што во моментот се нефункционални на Општината, ќе изградиме објект баш заради тоа кој што ќе биде функционален за сите граѓани на Општина Кавадарци. Зборимe дека овие средства ќе бидат наменети за изградба на Пензионерски Дом во близина на Кавадарци, значи подрачјето каде што е планирано да се изграде Домот. Ќе бидат корисници сите пензионери на Општина Кавадарци. Значи ќе направиме поголема придобивка за граѓаните од колку што сега имаме капитал, т.н. мртов капитал. Знам дека продажбата на капитални инвестиции не е популарна мерка, значи домаќински кога се работе да. Зошто зборам. Значи ако имам нешто што не е функционално, го продадам и изградам пофункционално и подобро за Општината, значи јас сметам дека треба да биде тоа направено така, во интерес на граѓаните. Благодарам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги советници ајде да бидемепоконкретни.Мене личнокако советник и мојата клиентела на гласачи ги интересира, таму имаме сега некој објект државен, урбанистички испланирано е да биде тоа дали нов државен објект или пак да биде објект за приватен сектор и по едниот основ и по другиот влегуваат во касата пари. Мојот интерес е на истото место да има некој објект од јавен интерес и тогаш би било оправдано. Ако биде објект некоја зграда, тоа е веќе како да речам за мене не е добро, некоја урбана мафија или бизнис. Тоа сакат да го слушнат граѓаните на град Кавадарци, а не околу, наоколу вакви пари, такви пари, ваква кирија, оваква кирија. Значи да бидеме директни што е наменски испланирано со урбанистичките планови како да биде државен објект, јавен објект или приватен.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани значи јас верувам дека голем дел од вас и јас точно не ни знам за која локација станува збор, пошто тоа таму е сето исцепкано на повеќе дуќани. Ни продаваме имот 4 објекти, 3 објекти од по 20 квадрати, не продаваме никаков јавен интерес. Второ со концептот на новиот Зелен пазар, кој што кошта 2 000 000 евра и го изградивме и ќе остане Круме за милион генерации нанапред. Јавниот интерес на тие дуќани веќе непостое, јавниот интерес е надвор од градскиот пазар, надвор од парцела на градскиот пазар и тоа е деловен простор. Тие дуќани не се индивидуални и не се само наши. Ние сме таму во заедница уште најмалку уште со тројца или четворица косопственици на самиот објект. Кога ќе договориш со тие косопстевници за да градиш нешто ново. Никогаш. Граѓаните досега јас верувам дека 99% не знаат дека тие се сопственост на Општина Кавадарци. И само ќе ти потенцирам нешто. 2017 кога дојдов тука

како Градоначалник, тие беа претходно давани во договор со 4 очи, не беа ни на јавна аукција давани под кирија. Од 2018 почнавме да го спроведуваме Законот за аукција, за да постигниме цена да плаќат. Знаете колку долгови има отпишано за тие дуќани од 2001 наваки. Еден куп долгови., отпишани, застарени долгови и сега ние во оваа ситуација сме ставиле ние како индивидуалец да работе и профитира на општински дуќан кај што ќиријата ја постигнал на јавна аукција. Ние сега според анализата која што ја правиме и гледаме дека понатамошен јавен интерес не постое во тие објекти, освен комерцијален да издаваме под кирија, а ќиријата е толку многу мала за да сето тоа наредните 25 години е неисплатливо, а за 25 години таа зграда ќе падне. Не знам дали знаете за кој објект станува збор. Таму треба комплетна реконструкција, нова изградба веднаш. Ние не можеме да влезиме во изградба во деловен простор или комерцијален објект. Немаме легитимно право како Општина, освен во јавен интерес. Со концептот на новиот ДУП, тоа што праша советникот Ристо. Со концептот на новиот деловен, извинете ДУП кој што е донесен 2019 или 2020 го донесовме е издвоен пазарот веќе од таа парцела. Пазарот си е веќе целина. Тие објекти претходно користеле пред 20 години, не знам за инкасантно, за баждарница за ваги за пазарот. Такво нешто. Значи не ни се функционални, не се во нашата целина, се со косопственици со повеќе приватни субјекти, никаков јавен интерес немаме, ниту пак атракција како Општина да направиме нешто. Не би си дозволил и јас да продадиме нешто кое што понатамошно би имал јавен интерес или би било во интерес на граѓаните. Тоа е исто како дуќанот што го имаме на првиот кружен тек сега или стариот триаголник, го направивме Винотека. Еве нека знаат граѓаните дека тобакото кое што е затворено и не работе до киното е наш дуќан на Општината. Никогаш не би го продадиле. Го спремаме за втора Винотека.Бурекцилницата до киното. И тоа е наш дуќан на Општината. И тоа има атрактивност и има што да му дадеме намена. Значи тука буквално не можеме да му дадеме намена освен понатамошно заедничко ивестирање. Нема тука деловен, односно станбен простор за градење. Значи само за деловен простор. Нашиот деловен простор е завршена работа со изградба на самиот пазар. Значи тоа е тоа што и претходните мандати градоначалниците пробуваа овие и други пропратни објекти да ги стават во самиот пазар и заеднички да го изградат пазарот и не успеваше таа работа. Знае советникот Ристо колку дебати имало за таа работа, па колку пати се поништило одлуки и не успеало да се изграде. Со иззимањето на пазарот на маркицата јавниот интерес таму не постое. Така да мислам дека нема никаква пречка во тој дел според мене . И уште едно дискутабилно прашање. Ние ќе ги пуштиме на јавна аукција. Почетната цена е таа која што е. А дали ќе се јаве некој на јавната аукција да ги купе за таа цена, јас стварно не знам. Можеби ќе се нададе ако има интерес и многу повисока цена. Тоа е дискутабилно прашање. Под таа

цена не смееме да ги дадиме, над таа цена нема граница, а интересот кој ќе биде ќе го видиме на јавна аукција, транспарентна која што треба да биде спроведена од Градежно земјиште и истата категорија на објекти мора да размислуваме и да го решаваме т.н. Нов Суд. Еве утре ќе дојде за продажба и него, ако го решиме имотно. Јас веднаш би го предложил на вас да донесиме одлука за продажба. Исто ќе го дискутираме. Што ќе му правиме на тој нов Суд. 41 година бетон на влез во градот. Младински кој што е отпочнат. Ниту можиш да го довршиш, ниту да го пренамениш, ниту ништо. Пионерски. Иста работа и со него. Тие се такви објекти, мртви на некој начин. Ла Луна атракција, невидена локација. Затоа рековме ќе ја пренамениме за Градски базен. Многу лесно беше ако беше за профитирање на приватни субјекти да ја пуштиме парцелата Ла Луна за продажба . Ти гарантирам дека еден куп пари ќе се нададеше, а рековме дека ќе ја задржиме. Тука ни е стадионот, тука се соблекувалните, тука ќе биде покрај Градскиот парк изградба на затворен базен. Е тоа е атрактивност. А тука нема атрактивност според мене освен за да направе некој целина од другите косопственици или ако испадне трето лице. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика. Ајде повели.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Градоначалник кога станува збор за косопствениците знаеме дека сте мастер на спогодбите. Така да ако ви претставувало тоа проблем досега, ќе сте се спогодиле на ваков или таков начин. Ако нема разбирачка, пак на ваша менаџерка одговорност е дали тоа може да биде функционална целина или не може да биде функционална целина. Значи не е пак на приватњакот, така да тоа значи буквално се што кажавте во последното излагање, нема некоја си оправданост, освен тоа што нели најавувате приватизација на огромни парцели и објекти на почетокот на градот. Тоа е тоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање. Кој е за. Диме. Во ред за. Против. 6. Воздржан нема.

8. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за трговија и услуги “АС МАШИНИ” ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

   Кој е за. Одиме на наредната точка на дневен ред.

9. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги “ВС-ГД” ДООЕЛ Кавадарци;

   Отварам претрес. Кој е за. Повели Николов.

   СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани јас тукаби земал збор. Станува збор за донација. Голема благодарност до сите фирми кои што ги дадоа овие донации за уредување на браната во Моклиште, каде се изнесени околу 6500 м3 муљ и смет, кој што како обврска го имат тоа да го прават претпријатијата кои се

задолжени за таа работа, кои се под централната власт, а не ги обавуваат своите обврски, знаејќи дека во моментов можеби и немаат ни струја во канцелариите за да можат да обавуваат некакви работи. И би сакал да кажам дека тука Општината зема голем дел, голем удел за чистење и донесување во еколошка добра ситуација на истото тоа место. И уште еднаш голема благодарност до сите доонатори на оваа работа.. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

10. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за градежништво и трговија “ГРАДБА ПРОМЕТ” ДОО Кавадарци;

 Отварам претрес. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.

11. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за изведување на рударско градежни работи “МАШИНОКОП” ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци;

 Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање.

12. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за транспорт, трговија и услуги “АНЕЛ-МАГ 97” ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци;

 Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

13. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за транспорт, трговија и услуги “3 КОНСТРУКТИОН КОРП” ДООЕЛ Кавадарци;

 Едногласно.

14. Предлог-Одлука за примање на донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци

 Отварам претрес за ова точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно.

15. Предлог-Одлука за примање на донација од ДПТУ„ЈА-МИ„ ДООЕЛ Кавадарци.

 Ја ставам на гласање. Едногласно.

16. Предлог-Одлука за примање на донација од Друштво за производство трговија и услуги БОШАВА ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци

 Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

17. Предлог-Одлука за примање на донација од Ѕико Коп Кавадарци

 Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.92/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

 Повели Круме.

 СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Во однос на двете наредни точки значи Одлука за давање на согласност за судско порамнување.

Нели на претходната седница ги добивме образложенијата за сите порамнувања и сега добиваме одлуки. И двете одлуки се без образложение кои што вообичаено ги имаме во одлуката за давање на согласност за судско порамнување. Значи во едната одлука ни е 1537 денара за м2, а во другата ни е нели, немаме пак образложение и ако може само да се каже јавно која е добивката на порамнувањето во однос на нели судот да одлуче, да не биде судско порамнување туку да се одлуче. Фала.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНО- НОРМАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Значи во одлуката точно пишува предмет на службеното барање. Предмет на службеното барање е 193

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи во надомест на штета во вкупен износ од 193 725 000 денара.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНО- НОРМАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: А судското порамнувањето е на вкупен износ од 138 375.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи порамнувањето ти е напишано во долниот дел од 138 375 од самото образложение.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНО- НОРМАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА:Точно содржински така и судот го прифаќа доколку се даде согласност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ А горе е надоместот. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

19. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судски предмет Малв.П бр.97/22, поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоено.

20. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Се извинувам. 11 за. Против. 4. И Димето за. 12 за.

21. Предлог- План и Програма за изменување и дополнување на Локалниот акционен план и Програма на Комисијата за еднакви можности за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Едногласно.

22. Предлог-Одлука за исправка на техничка грешка на Урбанистички план ДУП за УЕ 5 дел одблок 5.4 „Младински„КО Кавадарци град-Општина Кавадарци со тех.бр.25/2020година изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообракај и екологија,донесен со одлука бр.08-1789/4 од 15.03.2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

23. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (Кеков);

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

24. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (Здружение на слепи лица);

Отварам претрес по ова. Никој не бара збор. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

25. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Димката А Габерот„ с.Ваташа за учебната 2022/2023 година;

    Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

26. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година;

    Никој не бара збор. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

27. Извештај за работењето на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01.2002-30.09.2022 година, донесен од Управен Одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

    Отварам претрес по оваа точка. Повели Веса Богева.

    СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи на денешната седница го имаме кварталниот извештај за работењето на ЈП Паркинг Кавадарци. Го следев излагањето на директорот на ова ЈП на Комисијата за комунални дејности и мое размислување околу овој извештај е следниот. Значи според овој квартален извештај ЈП завршува со добивка околу 1 700 000 денари. ЈП ги зголемило приходите во споредба со истиот период лани 2021 година. Значи остварува добивка од 1 700 000, но сепак зависи од дотациите што треба да ги одобри и ги одобрува Општината. Значи досега во првите 9 месеци одобрени се и исплатени 2 450 000. Минатата седница или предминатата, значи после овој квартален извештај, после овој квартален период одобрени се уште 3 700 000 денари. Значи според мене штом Општината треба да одобрува средства дотации во ЈП, ние сеуште не можеме да го третираме дека ова ЈП е со добивка. Значи реална добивка ќе имаме тогаш кога ЈП ќе си оствари приходи со кои ќе си ги покрие своите трошоци за работење. Значи претпријатието зависи уште од Општината и добро е што има зголемување на приходите и тоа беше очекувано заради тоа што многу пати ние досега носевме такви одлуки со цел да ги зголемиме приходите на ова ЈП. Со проширувањето на

паркинг зоните, со отварањето на Градскиот Пазар и можеби како резултат на тоа и секако како резултат на тоа е зголемувањето на приходите. Не се до тој степен. Очекувам дека во наредната година 2023 ќе има поголеми приходи, затоа што пазарот функционира од март, април месец. Веќе во наредната година ќе го имаме значи за целата година и нормално дека и реконструкцијата на улиците " Мито Хаџи Василев Јасмин" и " 7-ми Септември" негативно влијае на финансиското работење на ЈП. И тука се очекува зголемување на тие приходи, па да се надеваме дека веќе 2023 година нема ЈП да има потреба од овие дотации како што беше оваа година, ќе бидат многу малку, веројатно да не зборуваме за овој износ како што беше оваа година, но тоа секако ќе зависи од работењето на ЈП и од сите други мерки ако имаме потреба ние како Совет што треба да ги донесиме . Е сега подетално само сакам да споменам во делот на трошоците на ЈП, значи приходите се зголемени, очекуваме зголемување и така би требало да биде во наредниот период. Во делот на трошоците јас би се задржала на трошокот плати. Значи ние тука сме ги зборувале платите како трошок, сме ги анализирале структура на вработени итн. и идејата за да го организираме јавниот превоз беше токму тоа да се искористи работниот потенцијал на административниот дел во ЈП "Паркинг", но се јави проблем формиравме ново ЈП, неможеше значи јавниот превоз да оди преку ова ЈП. Значи до сега се користи администрацијата на ова ЈП и на Општината, но се донесе нели планот за вработување на ЈП Јавен превоз и во иднина сметам дека доколку треба да има вработени во ЈП "Јавен превоз" првично што треба да се направи е да се искористат вработените од ова ЈП, а тоа значи да се направи трансформација на работниот однос на луѓе што се вработени во ЈП " Јавен паркинг" да се префрлат во Јавен превоз и на тој начин ќе се намали трошокот на бруто плати во ЈП "Јавен паркинг", што ќе значи реално намалување на трошоците за самото ЈП си оствare толку приходи за да може да си ги покрие овие трошоци, а дополнително ќе може да размислува ЈП "Паркинг" во зголемување на бројот на вработени во делот на луѓето што работат на терен. Значи постои мислење дека не се доволно покриени сите паркинг зони со вработени што можат и што треба да ја контролират ситуацијата на терен. Тука недостигат вработени. Веројатно сега нема простор за вработување во тој дел, заради тоа што приходите тоа не го дозволуваат, али во иднина кога би успеале на тој начин, значи со намалување на вработени во администрацијата, да ги зголемиме бројот на вработените на терен, ќе се добие директно во зголемување на приходите на ЈП. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Повели.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Благодарам Претседателе. Го разгледав деветмесечниот извештај, првите 3 квартали од 2022 година. Затоа зедов збор бидејќи првпат може да кажам дека ова претпријатие се движе во позитивна насока, односно стварно резултатите се за пофалба. Значи претходно неколку пати дури сум и бил критичар, сум давал и замерки, но овде може да видиме иако има нова дејност, значи таа дејност е нели, што е градското осветлување приходите од таа дејност и трошоците се рамни на нула. Сепак ова претпријатие со тие што ги зима одредени субвенции претходно било во загуба, претходните 2 години, 2020 година може и да не ја земиме за споредбена бидејќи беше ковид криза, но оваа година во првите 9 месеци претпријатието е во добивка од 1 734 000 денари или приходите вкупно од 21 502 000 денари се за овие 9 месеци, додека во 2021 биле 16 028 000 денари. Значи тоа стварно е за пофалба и сметам дека треба да продолжат понатаму така и сакам да поставам само едно прашање Имав претходно едни идеи што баш ги имав како предлози дадено, сега кога веќе претпријатието остварува своја добивка се надевам наредната година дури и без субвенции на Општината би било во позитивен резултат. Имавме каоо идеја некое како градско вовче туристичко во дејноста да биде како разгледница на градот, проширување на дејноста на гаражи, знам веќе таму се исполнети гаражите каде што има и наплив на лица кои што сакат да го користат тој простор, но моментално знам дека нема, се сите зафатени места . Дали се размислува во таа насока за тие мои два предлози. Благодарам.
ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ: Почитувани Претседател, Градоначалник, советници. Тоа беше извештајот кој што воглавно го слушнавте. Иначе само за напомена дека ЈП Паркинг оваа година работеше во едни услови да речиме на интензивна градска изградба, реконструкции, така да добри 5, 6 месеци бевме без да речиме зона, една од најкомерционалните зони "7-ми Септември", сега и "Мито Хаџи Василев", меѓутоа и покрај тоа се оствариjа добри резултати според мене. Е само накратко ќе се осврнам на тоа дека имаме постигнато 287 063 пораки или просечно месечно 31 895 СМС пораки или просечно дневно 1357 пораки. За разлика од ланската година така да и покрај тоа овие зони веќе добри 5,6 месеци не работат оствaривме уште подобри резултати. Показатели се октомври месец и ноември месец до денеска имаме просек над 1400, 1500 СМС пораки, што значи дека во тој дел растиме, исто како и во делот на паркирањето со грепки, во делот на месечните карти од вработени, во делот на месечни карти овие со обврзувачки договори. Добри сме во делот на блокирањето на возилата каде што имаме 1340 блокирани возила, 149 просечно месечно или 6 просечно дневно, 428

интервенции од пајакот, приходи од фарбањето. Така да резултираше тоа со овој резултат од 21 502 831 денар од кои што оперативни приходи од основни дејности 16 130 551 денар, приходи од дополнително улично осветлување 2 516 467 денари, приходи од .... од амортизацијата 402 813 денари и приходи од дотации за основна дејност од 2 450 000 денари или остварени се вкупни расходи пандан на тоа од 19 768 820 денари, од кои што оперативни расходи за основни дејности се 17 850 353 и од улично осветлување 2 516 467. И да она што советникот Горан го кажа приходите од улично осветлување имаат нулти ефети во резултатите, бидејќи колку се приходи толку се и расходите. Тоа се префактурира на Општината, меѓутоа и покрај тоа само од оперативните активности успеавме да оваа година 96% од оперативните расходи да бидат покриени со оперативни приходи, она што ние основна дејност, вклучувајќи ги тука да речиме и дотациите кои се дадени од Општината. И тука морам пак да напомениме дека ние како претпријатие не работиме со ценовник кој што ние го усвојуваме туку ценовник што е донесен на УправенОдбор, потврден од страна на Советот и бидејќи ова претпријатие е од јавен интерес давање на услуги со цени кои што ги одредува Советот, така да ние имаме сега бенифицирано паркирање туку речиси бесплатно во централната градска зона за 900 денари месечно, односно годишно или тоа е 2,7 денари за ден, имаме паркирање доле за 4000 денари во депото кое исто е нерентабилно и имаме постоење на една служба која што ние викаме дека треба да постои и постои бидејќи град како Кавадарци заслужува таква служба, меѓутоа таа служба доле, одделението за пајак служба која што има 5,6 вработени во неколку смени кои што генерират трошоци. И така да ова што беше, беше размислување меѓутоа во делот кога беше идејата дадена за "Градски Превоз" да го организираме, сега уште немаме за тоа, но држи како идеја , меѓутоа беше вклучено да се организира овој градскиот превоз бидејќи претходно беше дадено кај нас да го уклопиме, да го размислуваме и тоа. Инаку идејата е добра, мада имаме уште неколку идеи , а сега на следниот пат ќе видиме дали ќе ги реализираме, мислам дали ќе ги презентираме прво.

ГРАДОНАЧАЛНИК: ЈП за паркирање е една добра работа во Општина Кавадарци што функционира и целта на тоа ЈП е пред се да го ставе редот во делот на паркирањето, во делот на сообраќајот, пристапот во делот на пешачките зони, пристапот во делот на неправилно паркирање и тука во корелација со ПС со ОВР Кавадарци мислам дека имаме добра соработка во делот на регулирање на целиот сообраќај. И сега пак тука ќе повторам, еве на пр. г-динот Мелов лошо е што не дојде со нас по урбаните, по месните заедници, да прошетаме заедно како Претседател на СДСМ

да ги видиш барањата на луѓето кои се во делот на паркирањето. Еве може да потврде и советникот Јован како независен советник. Значи луѓето се повеќе бараат да се воведе паркинг места, не од аспект на трошок, него од аспект на ставање на градска култура на паркирање и на градска култура на пристапот на секоједен граѓанин и правото на влез и излез кој што му е неопходно. Така да јас наредната недела заедно со Советот за превенција ќе го повикам, а тука спаѓаат задолжителни чинители Градоначалник, ПС, Обвинителство и ред други така да еве и дел од советниците ве поканувам да поразговараме и да сумираме од сето она што го слушнавме од граѓаните од урбаните заедници дека таму кај што немаме паркинг воведено, немаме намера да го воведиме паркингот, него да му го подобриме квалитетот и условот на функционирање на самите луѓе, а тоа значи да ставиме некаков ред и поредок и во оние улици кај што не е паркинг воведен, затоа што се злоупотребуваат многу тротоари, многу пристапни зони за луѓе кои што треба да си влезат до сопственото домување и ќе поработиме превентивно, меѓутоа треба да поработиме и на трајни решенија, поготово во тие улици и такви категории кај што не е регулиран самиот паркинг. Еве имено во УЗ “Слога”, “Ќиро Крстев”, “Браќа Досеви” луѓето имаат иновативни и креативни решенија кои што јас ги прифаќам како такви, на пр. како “Фердо Росомански” улица, улицата не знам како се вика точно кај Вано Гурев ординацијата, под неа уличката да се постават рампи каде што тие улици ги користат и само тие жители кои што живеат во истата улица за да немаат злоупотреба од други луѓе кои што паркираат, избегнувајќи си некаква обврска, која што е за регулирање на било каков сообраќај.. Така да луѓето се задоволни и можеби и тука еве сега г-ѓата Веса што спомна во делот на администрацијата да ќе се направе комплетно ревидирање и тоа го ветивме дека во новото ЈП дел од постоечката администрација ќе се повлече и нема да вработиме администрација, искористувајќи го кадарот во делот на ЈП за паркирање. Ревидирање ќе направиме на терен за дали треба повеќе луѓе, директорот треба да се произнесе, да си каже и на првата кординативна средба што ќе ја имаме ако треба ќе прошириме систематизација за луѓе на терен за да биде поквалитетен делот на пристапот на самите луѓе кои што паркираат. Можеби тука Мелов згрешивте што во кампања одевте и викавте дека ќе го укиниме паркингот и тоа можеби негативно се одрази на цела кампања што луѓето го сакаат паркингот, после малку го модифициравте па рековте централното ќе го укиниме, па втора зона ќе го направиме или пак грешка сум го разбрал вашиот кандидат за градоначалник. Три опции се четврта нема, али како и да е добро е ова вака што функционира . Дури јас се изненадив еве пак грешка што не дојди и во Ваташа

да речиме, руралната заедница село Ваташа кај што имаше над 250 луѓе кои што излегоа да си ги кажат своите проблеми. Ваташани барат улица "Страшо Пинџур" да му биде празна. Значи они го барат тоа и бараат да се работе во делот на превенција, ако треба и мерки да улицата им биде празна затоа што се соочуваат со дневни потреби од застој во собраќајот, дневни потреби од иритација, дневни потреби од ред други работи кога имаме неконтролиран сообраќај во самиот град и она што го спомнавме претходно и што кажавме дека ќе имаме јавен превоз , воопшто не ме чуди фактот и да опадне бројот на паркиралишта. Дај боже луѓето да почнат да го користат повеќе јавниот превоз. Нема да бидеме ние во загуба, него ќе бидеме во делот на она кофинансирање на самото претпријатие до позитивна нула, а може да му најдиме и повеќе работа на самото претпријатие. Знаете дека од оваа година го зема и фарбањето, го зема и уличното осветлување и одржување, може и понатаки да ги земат и вертикалните и хоризонталните, комплетна сообраќајница за одржување. Така да мислам дека една достапност од едно претпријатие такво е од неминовно значење за еден град. Општина Кавадарци има 17 500 возила последната бројка. Претходно беа 14 000, 2014 последната бројка е 17 500 патнички возила, број 1 во Републикава по број на жители. Така да мислам дека треба да се става ред и веќе е поставен редот во делот на самото паркирање, а и не заборавајте дека со пробивањето на многу нови улици и булевари како "Лазо Асијата", "Западен Булевар", "Шишка", проширувањето на "Дисанска" и ред, ред други улици, самата фрекфенција во градското подрачје е веќе поднамалена и луѓето имаат алтернатива на движење, така да јас мислам дека сме на прав пат да тоа претпријатие се модернизира во делот на паркирањето, а модернизирањето во делот на паркирањето можеме на многу начини да го спроведиме. Така да задолжението му е на директорот и целокупниот тим за работа ќе биде на модернизација на самото претпријатие во делот на слободни паркинзи и анализи и софтвери и колку се искористени, во колку саатот, каде се пропустите. А инаку Општина Кавадарци моментално е општина што располага со над 1700 паркинг места. Е сега само една споредба да ви кажам. 1700 паркинг места е одлична бројка, а од друга страна е добро и се заблагодарувам јас и на сите оние кои што се на терен што Општина Кавадарци можеби е меѓу единствените општини каде што пријателот не може да ви помогне доколку згрешиш во делот на паркирањето, не платиш или не си пуштиш порака. Значи не викам дека можеби на втора децимала што кажа Круме преѓеска нема пропусти, али тие се минимални и ургенциите во таа работа не поминуваат. Ургенциите се на минимално ниво и сите си плаќаат паркинг и

со тоа претпријатието е стабилно, а и тие луѓе се мотивирани да функционират и да работат кога немат притисоци од надлежните и од оние што се над нив во делот на ослободување на некои што сторил прекршок, но не е пример во многу други соседни градови, во многу други градови и само така може да нашето претпријатие опстане, а во меѓувреме го гледам и вториот камерман стигна со трета картичка. Така да мислам дека плодна е дискусијата. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Сум дискутирал со директорот неколку пати. Сега мораме и на говорница тоа да го спомниме откога сме позитивини, откога сме добри дали вреде да размислуваме на зголемување на депото, имаме таму потреба. Тоа е едната работа, а другата работа луѓето што работат таму се преоптеретени, имаат стрес тие се 4 години на по 6 месеци. Никој не го посакува тоа да чека дали ќе ми дадат решение или дали ќе згрешам да ме бркаат или да не ми го продолжат договорот. Тоа е стресна ситуација. И уште третата работа, ако погреши човек во паркирање намерно, ненамерно му ставаме маша и машата саат, два го држиш и тој си плаќа 1000 денари. Тоа се големи пари и убави пари за Паркинг, али не знам после колку време истата казна што ја плаќа со машата го носиме, канџа исто е маша и канџа. Значи еднаш сме го казнале со канџа и за два саати ако не дојде да плате го дигаме во депо го носиме, двапати истата казна ја плаќа. Кога сме во добра кондиција барем едната казна да остане, другата да не ја практикуваме. Малку е грев и према граѓаните. Сум згрешил, ми ставил канџа и таа значи дека 24 часа ако сум плаќал пораки казната е доволно. Колку е казната на канџата. 1000 денари така. И најскапото паркирање е 300 денари. Значи 30 саати исто како да сум пуштал паркинг, ама на вториот саат ме дигаш и ме носиш во депо и плаќам уште една казна. Значи тоа е кога беве негативни, сега се позитивни да го практикуваме, да донесиме некоја одлука да не дуплираат казни. Тие сите работи ме засегаат мене и граѓаните.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само ова да го појаснам малку пошто да не ги ставиме во заблуда граѓаните. Плаќањето по основ на час за користење на паркинг е една работа, а казната си е казна. Значи тоа се две работи. Ние имаме проблем со луѓе и јас тоа што го знам се соочуваме, си седе во кафиќ, си пие кафе, си ја паркира колата, не пушта порака, гледа дека му местат канџа, он се потсмева отспротива и си седе и во таков случај после 3 саата, значи да нема реакција нормално таакола ќе ја отстранат. Тоа е провокација од некултурен граѓанин. Меѓутоа си има добар правилник за работа и паркинг местото не е за целта да паркинг

местото да го држе некој 24 саата. Ние кога реков модернизирање на паркингот мислев на една работа која што не ја спомнав во детали, но еве ќе ја спомнам. Да првиот час и вториот бидатуште поевтини од сега, а третиот, четвртиот, петтиот и шестиот час бидат и поскапи. За да што помалку го користе паркингот, ова зборам за централно градско јадро и подрачје, а оној што треба да сврше работа за саат време да плате поевтино, а некој што сака да се луксузира нормално со 5 саата држење на паркинг место во централно подрачје да си плате некој вид како вид односно луксуз затоа што го држе истото место.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Реплика. Градоначалник ајде вака да бидие попретпазливи. Вие возите со кола и се паркираш и си стиснал на телефон или пак ич не си стиснал, си заборавил и Паркинг тебе ти ставаат канца, со ставањето на канца, значи ти треба да ја платиш канцата дали после саат, после два или после три не верувам дека некој седе повеќе од 3 саати и нека седе и пет, само слушај ме убаво. Ти си го казнил со ставање на канца. Ако е 30 денари првиот час, вториот 20, ти него со канца си му ставил веќе 30 саати паркинг, а он после 3 саати иде, ти го отклучуваш и си оде, значи он платил виќе за 30 саати и тоа е добар профит за фирмата. Зошто го казнуваш два пати за иста работа. Сега да одиме малку и према народот.А се правел фраер паркирал. Па нека ми паркира секој ден, по 3 саати нека му ставам канци и нека биде фраер. Си плаќа за 30 саати. Тоа е профит. Не е баш.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа е исто како да дојде инспектор и да ти утврде дека си затаил 1000 денари ДДВ, ти ќе си го платиш ДДВ-то , а плус ќе ти пише и казна. Гледај тука сакам да ги разликуваш работите.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Вака значи јас паркирам и исто како да плаќам 30 саати, сакам да паркирам, да пијам кафе и паркирам 30 саати. Чекај. Не Градоначалник јас сум паркирал и сум пишал 30 саати у воа место, сум стиснал 30 и 30 саати му испаѓаат нив. Зошто мојата кола да не стое 30 саати, они да земат пари и сега ти кога си му турил канца он веќе 30 саати плаќа паркинг, а ти после вториот саат го дигаш и му пишиш уште една казна, па ете сака да плате казна и намерно се паркира и сака да даде пари на ЈП зошто го казнуваш по втор пат. Мисли го тоа и од утре натаму наредна седница да ги ослободиме од таа работа. Не е се по твое, него малку и према народот.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака. Прва работа Градоначалник во однос на урбаните заедници. Комуникација со граѓаните има секој советник, само начинот дали тоа ќе го правиме заедно или не си

го одлучува секој советник во однос на секоја советничка група. А јас не гледам потреба да одам заедно со вас по урбаните заедници. Втора работа во делот на концептот за паркингот ние викавме дека постои преголем опфат на градот кај што имаме платен паркинг. Тоа не значи дека не треба да се регулира паркинг, начинот на паркирање во градот, меѓутоа сметаме дека на оние периферни места, не треба само да се наплаќа. Трета работа во однос на самото претпријатие не знам дали се сеќавате тука, пред неколку месеци ви предлагаме да ја зголемувате надлежноста на самото претпријатие, бидејќи така економски е исплатливо. Зошто . Бидејќи на тоа додавате нова надлежност, а оние фиксни трошоци за плати, за администрација, за такви работи ги користите и врз основа на тие предлози на почеток не убедувавте тука дека не било економски исплатливо да се вклуче уличното, мислам осветлувањето, а сега гледам дека сте го вклучиле и сте ја зголемиле како се вика надлежноста, а на почеток ме убедувавте дека не било исплатливо . И четврта работа на која што треба да поработи самото претпријатие бидејќи се соочува со проблем на контрола на терен, а тоа е да го унапредува и да го модернизира системот на наплата таму каде што треба и каде што има услови да се стават наплатни рампи и да се ослободат вработените во ЈП да одат и да вршат проверка на кој има платено паркинг . Тоа треба да се направе. На пример во делот на катната гаража, пред одредени згради, значи кај има простор тоа треба да се направе се со цел за поефикасна наплата на паркинг услугата. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас и ти исто зборуваме изгледа, ама не можеме да се разбериме. Тоа и го зборувам јас. Модернизирање и дигање на ефкасноста на системот кое што го кажав и претходно и да тоа е модернзирањето, ставањето на рампи, ставање на софтвери, ставање на други работи кај што ќе стигниме до едно ниво. Баш и ги спомнав и уличките кои што претходно ги цитирав кај што да ставиме рампи, кај што ги користат 20 семејства не влегува никој друг и тоа е во делот на регулирањето на самиот сообраќај. Многу битно е да ЈП како претпријатие функционира, не само заради ефектот од наплатата на пораки или од наплатата на самата услуга него да ги земиме работиве од две страни. Ако како советникот Сакалиев што предлага јас не сакам да пуштам порака, ќе се паркирам, па нека ми стават канца, па кога сакам ќе дојдам. Тоа веќе е нередие, безволие, односно самоволие кој што сака да праве, тука веќе не можиме да дојдиме до крај. Така да баш тука е целта да ние постигниме да секој еден затоа што вие кога ќе дојдите или било кој стварно треба да сврше работа, да има место каде да застане и каде да доврше работа. Така да во тој дел сега вие малку ги

мутирате моите изреки, односно кажана ситуација модернизирање во делот на ставање на рампи. После ќе речиш еве јас му реков на Градоначалникот рампа да ставе. Јас ако прифаќам и убаво е тоа сето да биде така, а во делот на јавното осветлување економски ефект нема и нема да има. Директоре има ли економски ефект. Колку е трошокот, толку е и приходот. Апсолутно. Ликвидноста ја дигаме на претпријатието. Орцо беше добар менаџер, по фирми кај отиде, секоја фирма пропадна. Добро е тука, сега тера. И мислам дека човекот и еве го пред пензија е, уште малку 7 месеци, па така да ќе оставе добро претпрјатие кое што ќе земе помлад човек да функцонира во делот на тоа. Фала.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници во тек на вчерашниот ден бев приватно во Белград и таму интересно околу ова за наплатата на паркинот. Бев во една тесна уличка, помина кола со електронско снимање на паркирани коли. Значи таму не оде човек да проверува, туку колата мине и софтверски го снима скенираното. Така да може да се разгледа во тој правец з а софтверско снимање на колите.

ГРАДОНАЧАЛНИК: А бе вие мене да не ми ги читате мислите. Па тоа ми е предвидено во 23-та да го ставам. Тоа се вика радарска контрола на читање на коли. И ставено ние е во 23-та во програмата. Аце кажи му дека е ставено. Завршен проект е. Јас ви викам ние сме добро избрани од граѓаните, алал да му е и сите исто размислуваме, само грешка зборуваме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против 5. Диме за.

28. Предлог- Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година (ЈЗУ Општа Болница);

Повели Филип Тасев.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, сограѓани денееска 28-ма точка на дневен ред ни е Донација од страна на Општина Кавадарци према ЈЗУ Општа Болница во износ од милион и пол или 1 500 000 денара. Ова се средства како Општина која што е конструктивна и која е за добробит на граѓаните ги одвојува овие средства за да се нели сервисираат потребите на самата болница, односно тоа е за исплата на анестезиолози , гиниколози и дополнителни средства за специјализантите кои што се во Општа Болница Кавадарци. Се надевам дека во текот на наредната година Министерството за здравство и Фондот за здравство ќе си ги сервисираат овие обврски спрема ЈЗУ Општа Болница Кавадарци, а Општина Кавадарци овие средства ќе ги пренамени за

здравствена заштита на граѓаните на Општина Кавадарци. Ние како советнчка група ќе ја гласаме оваа одлука за. Благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Градоначалнк.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Со оглед на тоа дека станува збор за Регионална Болница со проширена дејност го опфаќа регионот на Демир Капија, Кавадарци, Неготино и Росоман. Оваа дотација наша према Општата Болница е добра пракса и од добро ниво, пошто од мои лични видувања, сега ова да не биде лично сванато еден од подобрите менаџери од СДСМ што воде една институција и еве човекот ја брка работата, си ја сака и работе во болницата . Јас сакам друго да предложам и да повикам, верувам дека ќе ме подржите во тоа . Ако Општина Кавадрци дотира сега 1 500 000 денара према Општа Болница со проширена дејност ова нека бде, еве и нашите служби нека ги известат Општина Неготино, Демир Капија и Росоман според бројот на жителите да си одвојат и они средства . Тоа значи ако ние даваме 1 500 000 , Росоман може треба да даде 250 000 денара, Неготино треба да даде 750, Демир Капија треба да даде 300. И нека биде ова еве повик до трите општини, пошто верувајте дека таа Општа Болница ја користиме сите заедно, без разлика што е на територијата на Општина Кавадарци и така ќе го подобриме уште повеќе квалитетот на самата болница, а верувам дека и другите тројца колеги и советниците во трите општини би се сложиле на ова, пошто не се големи средства за да го подигнат нивото на квалитет во делот на здравствените работници кои што знаете и во ковид мерките и во сите други предизвици одговорија максимално. Главен недостаток кај нас на Општата Болница е од поголем изминат период карактер и сегашен, а тоа е анестезиолог, гиниколог и ред други кадри кои се дефицит, а се кадри кои што значат спасување на нечиј живот. Така да мислам дека би било коректно и другите три општини да одговорат. Еве ова нека биде повик до нив, а ако можат нашите служби да изготват еден Предлог Одлука и до другите 3 општини, така треба малку да поолесниме на Општата Болница, пошто сите пацииенти кои што ги лечевме во Општа Болница од ковид на ниеден не му беше наплатено, сите беа транспортирани за Скопје, а тука мораме да се заблагодариме и на нашите лекари, коишто тројца ги имаме во Советот и сите други останати кои што пожртвувано, несебично, речиси на месечно ниво работеа 24 саата за да се помине сето тоа. Така да мислам дека е од големо значење, а сега треба болницата малку да се помогне за да не се

спуште нивото, кое што го има во моментов на квалитет. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Кој е против. 1 против, 17 за.

29. Извештај (квартален и кумулативен) за работењето на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци, за период од 01.07-30.09.2022 година, донесен од Управен одбор на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

30. Правилник за плати и надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ, донесен од Управен одбор на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ

Точката ја ставам на гласање. За. 12. Воздржани. Против.. 5 воздржани.

31. Предлог - Одлука за вредноста на Бодот на вработените во ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ, донесена од Директорот ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ .

Кој е за. 12. Воздржани. 5 воздржани.

32. Предлог-Одлука за определување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Управниот Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци.

Повели Мандатна. На почетокот го имавме, но кажи го уште еднаш.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Пошто и следната точка е исто за Мандатна ќе кажам и за двете наеднаш. Значи извршена е промена на висината на надоместокот за утврдување на паричен надоместок на членовите на Управниот и членовите на Надзорниот Одбор на ЈП за стопанисување согласно законските можности кои се приложени. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ Благодарам. Кој е за. Во ред едногласно. И наредната точка е во тој правец, со тоа што тука е паричниот надомест за членовите на Надзорниот Одбор на контрола на материјално финансиското работење на на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„.

33. Предлог-Одлука за определување на паричен надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорен Одбор за контрола на материјано финансиско работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Кој е за. Едногласно.

34. Предлог-Одлука за отстапување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци на управување и одржување на фекална канализација-фекален колектор с.Возарци.

Отварам претрес по оваа точка. Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи Возарци за првпат добива фекален колектор, кој што е изграден и ставен во функција, само го предаваме во делот на функционирањето и одржувањето на самиот фекален колектор во село Возарци. Јас сакам друго да кажам дека ЈП "Комуналец" е во добра кондиција и со самата работа која што ја работе и самите реконструкции кои што ги зима како обврски се од многу голем обем и би сакал да кажам дека за првпат 2022 година ЈП покрај регресот кој што го добија како к-15 во делот на платите на вработените и покрај подигањето на бодот и усогласувањето на платите и подигањето за 10%, оваа година ќе биде на моја инцијатива, еве заедничка со вас и со моите советници заедно ЈП "Комуналец" ќе земе и 13-та плата сите вработени во делот на ЈП "Комуналец". Така да како ЈП "Комуналец", јас како Градоначалник, како отчетност на ликот на град Кавадарци и она што го вршат тие луѓе во делот на реконструкцијата, во делот на хигиената, во делот на зеленилото, во делот на изнесот на ѓубрарнина ќе го обврзиме директорот и самата администрација да си обезбедат средства за 13-та плата на ЈП за 22 година . Мислам дека ќе го прифатите сите, затоа што сепак тие луѓе се образот и ликот на Кавадарци. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Повели Ристе.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник може ли да се договориме, да не биде селективно, Комуналец се 400 работници, а овие Паркинзи и Јасмин се 30 заедно умешај ги со нив, ќе бидат благодарни, 13 плата не е лоша работа. Селективно е.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас не ги делам луѓето на никакви. Еве предлогот ти е добар. Доколку си обезбедите средства како ЈП "Јасмин" и ЈП "Паркиралиште", во тој случај ќе дозволиме да си поминат и другите ЈП 13 –та плата.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Само момент. Јасмин" е специфично. Ние планираме дека од овие ракометари ќе си наплатиме милион, треба да ни помогниш, да дадеш пари за нив наменски и ако треба уште еден ребаланс од 3 000 000, 4. Тука е. Не е страшно. Ради тоа што на пример ние не смееме да тужиме, ние не можиме да го тужиме клубот што биле 1 000 000 денара ..Наменски пари...

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. И последната точка од денешниот дневен ред.Тоа е:

35. Предлог-Одлука за примање донација – автобуски постојки од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци и давање на

трајно користење на ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Истата ја ставам на гласање. Едногласно е изгласана.

Со тоа почитувани советници е исцрпен Дневниот ред на денешната седница. Ви благодарам.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов